Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средно образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95, 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОУТУ„ВАНЧО ПИТОШЕСКИ“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за формирање паралелки со помал број на ученици од законскиот минимум, односно со помалку од 25 ученици за учебната 2015/2016 година во ОУТУ„Ванчо Питошески“- Охрид и тоа:

## Угостителско –туристичка струка

| Година/паралелка | Број на ученици | Образовен профил |
|---|---|---|
| I-1 | 8 | Келнер |
| I-2 | 13 | Готвач |

| | | |
|---|---|---|
| I-3 | 16 | Угостителски техничар |
| I-4 | 15 | Угостителски техничар |
| I-5 | 13 | Хотелско-туристички техничар |
| I-6 | 10(8+2) | Хотелско-туристички техничар/ Угостителски техничар за рурален туризам |
| I-7 | 19 | Спортска паралелка по фудбал |
| I-8 | 14 | Спортска паралелка по ракомет |
| I-9 | 10 | Спортска паралелка по кошарка |
| II-1 | 8 | Келнер |
| II-2 | 10 | Готвач |
| II-3 | 15 | Угостителски техничар |
| II-4 | 5 | Хотелско-туристички техничар |
| II-5 | 7(6+1) | Хотелско-туристички техничар/ Угостителски техничар за рурален туризам |
| II-7 | 11 | Спортска паралелка по ракомет |
| III-1 | 8 | Келнер |
| III-2 | 20 | Готвач |
| III-3 | 8 | Угостителски техничар |
| III-4 | 13 | Угостителски техничар |
| III-5 | 13 | Хотелско-туристички техничар |
| III-6 | 10 | Хотелско-туристички техничар |
| IV-1 | 12 | Хотелско-туристички техничар |
| IV-2 | 18 | Хотелско-туристички техничар |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/16** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** — **Претседател**
**О х р и д** — **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПЛАТА НА ДОЛГОТ НА ОУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ОХРИД КОН ЕВН МАКЕДОНИЈА ЗА ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за исплата на долгот на ОУ„Григор Прличев“Охрид кон ЕВН Македонија за потрошена електрична енергија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/17**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПЛАТА НА ДОЛГОТ НА ОУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ОХРИД КОН ЕВН МАКЕДОНИЈА ЗА ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**Член 1**

Општина Охрид како основач на основните училишта, а со цел зачувување на општествената одговорност, обезбедување континуитет во образовниот процес и обезбедување услови за тековно работење на ОУ„Григор Прличев“ Охрид, се обврзува да го исплати долгот за потрошена електрична енергија кој ОУ„Григор Прличев“ Охрид го има кон ЕВН Македонија, во износ од 251.129,00 денари.

**Член 2**

Средствата за исплата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на општина Охрид, програма Н 1 основно образование, конто 421110 – Програм Н1.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/17**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/18**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид” бр.8/07, 1/08, 10/10, 5/11, 9/14 и 14/14) и член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14 и 199/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 26.08.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Охрид, видовите на организациони единици, условите за нивно образување и раководење со нив.

**Член 2**

(1) Општинската администрација на Општина Охрид ( во натамошниот текст: општинска администрација) ги извршува работите од надлежност на органите на Општината, односно Советот и Градоначалникот.

(2) Општинската администрација:

- ги подготвува актите за советот и градоначалникот;
- ги подготвува седниците на советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
- врши стручни работи за Советот и Градоначалникот;
- го води сметководството на општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно решавање ;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
- ракува со документита на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Македонија и
- врши и други работи што ќе и ги определи советот и градоначалникот.

(3) Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на Општината во согласност со Уставот и со закон, со Статутот на Општината и со други прописи и општи акти донесени врз основа на закон.

**Член 3**

Врз основа на надлежностите на Општината утврдени со закон, како и групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, општинската администрација се организира во сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица на Општината.

**Член 4**

(1) Сектор се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на органите на Општината, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

(2) Одделение се образува заради непосредно извршување на една од следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-

надзорни, информативно-документациони, информативно-комуникациски,стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициони, информатичко-технолошки, стручно-административни и други работи.

(3) Територијална противпожарна единица на Општината се образува заради вршење на со закон утврдените работи од областа на заштита од пожари.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТАЦИЈА

### Член 5

(1) Општинската администрација се организира во следните сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица на Општината.

**1. Сектор за правни работи;**
- Одделение за правни работи;
- Одделение за поддршка на Советот;

**2. Сектор за општи работи;**
- Одделение за административно техничка поддршка;
- Одделение за јавни набавки;
- Одделение за информатичко-комуникациска технологија;

**3. Сектор за финансиски прашања,**
- Одделение за буџетска координација;
- Одделение за буџетска контрола;
- Одделение за сметководство и плаќања;

**4. Сектор за даноци и комунални такси;**
- Оделение за даноци;
- Одделение за комунални такси;

**5. Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште;**
- Одделение за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината;
- Одделение за спроведување на урбанистички планови;

**6. Сектор за заштита на животната средина и управување со отпад;**
- Одделение за заштита и влијание врз животната средина;
- Одделение за управување со отпад и регионални депонии;

**7. Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици;**
- Одделение за комунални дејности;
- Одделение за сообраќај и улици;

**8. Сектор за туризам и локален економски развој;**
- Одделение за туризам;
- Одделение за локален економски развој;

**9. Сектор за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура;**
- Одделение за меѓународна соработка и соработка со збратимени градови;
- Одделение за УНЕСКО и европска интеграција;
- Одделение за култура;

**10. Сектор за образование, детска, здравствена и социјална заштита;**
- Одделение за образование;
- Одделение за детска, здравствена и социјална заштита;

**11. Сектор за спорт, млади и невладини организации;**
- Одделение за спорт;

- Одделение за млади и невладини организации;

**12. Сектор за поддршка на градоначалникот;**

- Одделение за протокол;
- Оделение за односи со јавност;

**13. Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат;**

**14. Одделение за управување со човечки ресурси;**

**15. Одделение за внатрешна ревизија;**

**16. Територијална противпожарна единица на Општината.**

(2) Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ на организацијата на општинската администрација на Општината (органограм).

**Член 6**

**(1) Секторот за правни работи** ги врши работите што се однесуваат на: подготвувањето на актите за Советот и Градоначалникот, подготвувањето на седници на Советот и на неговите комисии и вршење стручни работи за Советот; ракување и чување на документите на Општината до нивно предавање на Државниот архив на РМ; спроведување на постапката за експропријација на недвижности; следење на прописите и нивните измени и дополнувања; давање мислење на актите од аспект на нивната законитост; застапување на општина пред домашните судови; изготвување на договори и врши други работи што ќе му бидат доверени утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(1.1) Одделението за правни работи** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување на нормативните како и поединечните акти од надлежност на советот и градоначалникот;
- давање на мислења за усогласеноста на општите акти со законите и со другите прописи;
- вршење на работите во врска со постапката за експропријација на недвижности;
- вршење на работите што се однесуваат на канцелариското и архивското работење;
- изготвување на договори;
- застапување на општината пред домашните судови;
- организирање на активностите на облиците на месна самоуправа;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(1.2) Одделението за поддршка на Советот** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување на програмата за работа на Советот;
- подготвување седници на Советот и неговите комисии;
- изготвување записници од работата на Советот и неговите комисии;
- вршење на работите што се однесуваат на организирање средби и патувања за членовите на советот;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 7**

**(2) Секторот за општи работи** ги врши работите што се однесуваат на: јавните набавки во општината; возниот парк на општината; преведување и лекторирање за потребите на градоначалникот и општинската администрација; вршење на работи од областа на цивилната

заштита; возниот парк на општината; одржувањето на објектите, опремата и инвентарот; информатичко-комуникациската технологија, развојот на информатичката технологија за потребите на Општината и врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(2.1) Одделението за административно техничка подршка** ги врши работите што се однесуваат на:

- работите поврзани со возниот парк;
- работите поврзани со одржувањето на чистотата во работните простории и општинското дворно место;
- одржување на објектите, опремата и инвентарот;
- работи на преведување, лекторирање и обезбедување устен, писмен и симултан превод за потребите на градоначалникот и општинската администрација;
- вршење на работи од областа на цивилната заштита ( во оласта на заштитата и спасување на граѓаните и материјалните добра од воените разурнувања и елементарни непогоди и други насреќии од последиците предизвикани од нив;
- печатење и фотокопирање на материјали;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(2.2) Одделението за јавни набавки** ги врши работите што се однесуваат на:

- примената за законите**,** подзаконските акти и другите прописи од областа на јавните набавки, следењето и согледувањето на потребите од набавки во општината;
- изготвување на годишниот план за јавни набавки и водење сметка за неговото спроведување;
- утврдување на начинот на постапката во зависност од видот и вредноста на набавката согласно Законот за јавните набавки;
- подготвување предлог за одобрување на потребните набавки;
- изготвување на техничката документација потребна за јавите набавки;
- следење на работата на комисијата за јавни набавки и давање стручна и техничка помош;
- изготвување договори за јавните набавки и следење на нивното спроведување;
- предлагање мерки и активности за спречување на јавни набавки надвор од годишниот план и средствата предвидени со Буџетот на општината;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(2.3) Одделението за информатичко-комуникациска технологија** ги врши работите што се однесуваат на:

- предлагање и реализира настратегија за воведување информациски систем во општината;
- организирање, одржување и унапредување на информацискиот систем на општината.
- предлагање и реализирање на стратегија за безбедност на информациите во информацискиот систем на општината.
- организирање на обуката за вработените во општинската администрација за примена на информациско-комуникациската технологија.

- предлагање информациски проекти што би учествувале на конкурси на домашни и на странски донатори.

- следење на искуствата и напредокот на информациските технологии и ги применува во општинскиот информациски систем.

- развивање на информатичката технологија преку изработка на бази на податоци за потребите на општината, конфигурирање, контрола, одржување и дополнување на хардверски и софтверски подсистеми;

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 8**

**(3) Секторот за финансиски прашања** ги врши работите што се однесуваат на:
следење и примена на законите и подзаконските акти од обласста на буџетското и материјално - финансиското работење, управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата на Општината утврдени со буџетот, подготвување, извршување и известување за извршувањето на буџетот за Општината, подготовка на стратешкиот план на Општината , измена и дополнување на буџетот и стратешкиот план на Општината, контрола на подготовката и извршувањето на буџетот, спроведува ex-ante и ex-post финансиска контрола, изготвувањето на финансиски план за извршувањето на буџетот (месечен, квартален и годишен) за Општината и единките корисници на Општината,следењето на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на Општината, сметководствено евидентирање за извршувањето на буџетот и подготвување на годишна сметка, подготовка на Годишен финансиски извештај, освен извештај за извршените ревизии и активности на внатрешната ревизија, кој го подготвува одделениeто за внатрешна ревизија, а е составен дел од овој извештај, согласно член 47 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/09), благајничко работење, подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација , пресметувањето и исплатата на платите на вработените во Општината и врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(3.1) Одделението за буџетска координација** ги врши работите што се однесуваат на:

- координирање на процесот за подготвување и изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на Општината;

- координирање на процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола;

- давање предлози за воспоставување/укинување на ex ante финансиска контрола со вршење на проценка на ризик и ажурирање на процедурите за работните процеси од областа на финансиското управување и контрола;

- задолжително дава мислења по предлог актите што ги изготвуваат другите организациони единици во Општината и предлог актите на други субјекти кои имаат или може да имаат финансиски импликации за буџетот на Општината;

- изготвување план за воспоставување на финансиското управување и контрола како и методологија за спроведување на планот кои ги одобрува градоначалникот;

- следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење;

- подготовка на извештај за реализирани програми, проекти и договори;

- подготовка на извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола;

- вршење на самопроценки на одделни процеси на системот на финансиско управување и контрола;
- Подготовка на Годишниот финансиски извештај од член (47) од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(3.2) Одделението за буџетска контрола** ги врши работите што се однесуваат на:
- вршење контрола на извршувањето на буџетот;
- вршење контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување (надзор над целокупниот процес на финансиското управување и контрола);
- следење на реализацијата на договорите за јавните набавки и спроведува ex ante и ex post финансиска контрола;
- вршење документирана контрола на комплетноста и исправноста на целокупната документација (фактури, порачки, испратници, работни налози, приемници и друго и нивна усогласеност со договорот за јавни набавки;)
- изготвување информации и извештаи за извршувањето на буџетот;
- следење и применување на законската регулатива (закони, подзаконски акти, прописи, стандарди, упатства) од областа на финансиското управување и контрола;
- вршење контрола на расположливоста на планираните средства во буџетот/финансискиот план пред преземање на обврските и
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(3.3) Одделението за сметководство и плаќања** ги врши работите што се однесуваат на:
- спроведување на сметководствено евидентирање за извршување на буџетот/финансискиот план и подготвувањето на годишна сметка (биланс на состојба, биланс на приходите и расходите, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки/образложение кон финансиските извештаи);
- вршење на сметководствено евидентирање на основните средства на Општината, евидентирање и наплата на побарувањата и евидентирање и плаќање на достасаните обврски;
- вршење на буџетското и финансиското известување;
- заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба;
- изготвување годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот на Општината и неговите единки корисници согласно законските прописи;
- вршење ex ante сметководствена контрола на целокупната документација пред да се изврши плаќањето согласно пишаните процедури за сметководствените процеси;
- следење и применување на законската регулатива од областа на сметководствено, материјално и финансиско работење;
- вршење секојдневно водење на благајнички работи и трезор;
- вршење пресметка и исплата на платите на вработените и
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 9**

**(4) Секторот за даноци и комунални такси** ги врши работите што се однесуваат на:

облог на обврзниците со даноци кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината; следење на наплатата на даноците; подготвување извештаи и информации за состојбите во областа на даноците; грижа за извршување и присилна наплата на даноците; вршење на работите што се однесуваат на облог на обврзниците со комунални такси кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината; следење на наплатата на комуналните такси; подготвување извештаи и информации за состојбите во областа на комуналните такси; грижа за извршување и присилна наплата на комуналните такси и врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(4.1) Одделението за даноци** ги врши работите што се однесуваат на:

- облог на обврзниците со даноци кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината;
- следење на наплатата на даноците;
- подготвување извештаи и информации за состојбите во областа на даноците;
- грижа за извршување и присилна наплата на даноците;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(4.2) Одделението за комунални такси** ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење на работите што се однесуваат на облог на обврзниците со комунални такси кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината;
- следење на наплатата на комуналните такси;
- подготвување извештаи и информации за состојбите во областа на комуналните такси;
- грижа за извршување и присилна наплата на комуналните такси;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи

**Член 10**

**(5) Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште** ги врши работите што
се однесуваат на: урбанистичко планирање на просторот, издавање на услови и одобренија за градба на објекти од локално значење утврдени со закон; управување со градежното земјиште кое се наоѓа на подрачјето на општина Охрид; следење на состојбата во областите и предлагање на мерки и активности за подобрување на истите; грижа за недвижниот имот сопственост на Општината и врши други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(5.1) Одделението за просторно, урбанистичко планирање и управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината** ги врши работите што се однесуваат на:

- просторно и урбанистичко планирање на просторот во општината;
- покренување иницијатива и предлози за донесување, изменување и дополнување на генерални и детални урбанистички планови;
- подготвување на годишна програма за урбанистичко планирање на просторот;
- следење на спроведувањето на урбанистичките планови;
- подготвување анализи и информации за состојбите во урбанистичкото планирање;

- подготвување програма за управување со градежно земјиште кое се наоѓа на подрачјето на општина Охрид;

- водење постапка за регулирање на градежното земјиште и начинот на неговото управување;

- подготвување договори и целокупна документација пшотребна за спроведување на постапката за отуѓување, давање под долготраен и краткотраен закуп и со непосредна спогодба на градежното земјиште се наоѓа на подрачјето на општина Охрид;

- водење грижа и евиденција за недвижниот имот на општината и управува со недвижниот имот на општината.

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(5.2) Одделението за спроведување на урбанистички планови** ги врши работите што се однесуваат на:

- издавање на изводите од урбанистичките планови;
- издавање на одобренијата за градба на објекти;
- врши одобрување на техничката документација;
- издавање одобренијата за употреба на објекти;
- вршење увид во реализација на планската документација и поведува иницијатива за измена и дополнување на истата;
- изготвување анализи, информации и дава предлози за промена на законската регулатива за спроведување на урбанистичките планови;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 11**

**(6) Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад** ги врши работите

што се однесуваат на: издавање на дозволи и елаборати за животна средина од локално значење утврдени со закон, заштита на животната средина и приордата и преземање мерки за заштита и спречување на загадување на водата, воздухот и почвата, следење на состојбата во областите и предлагање на мерки и активности за подобрување на истите, и врши други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(6.1) Одделението за заштита и влијание врз животната средина** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување анализи и информации за состојбите со животната средина;
- водење постапка за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи;
- водење постапка за одобрување на елаборати за оценка на влијанието врз животната средина;
- спроведување постапка за влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина;
- изготвување и спроведување на годишната програма за животна средина и природа;
- подготвување анализи и информации за состојбите со животната средина и природата;
- предлагање мерки за заштита на животната средина и природата;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(6.2) Одделението за управување со отпад и регионални депонии** ги врши работите што се однесуваат на:

- предлагање мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и почвата;
- врши изготвување и спроведување на стратешки, плански и програмски документи за управување со отпад;
- врши подготовка на проекти и други активности за реализација на регионален план, како и други проекти од интерес за развој на регионалниот систем;
- вршење мониторинг над обемот и квалитетот на извршените услуги во рамките на регионалниот систем;
- вршење организирање на информативен систем за животна средина на локално ниво со кој се обезбедува собирање и презентација на податоци за општата состојба во врска со управувањето со неопасен отпад;
- вршење подготовка на проекти и следење на проектната имплементација;
- вршење мониторинг на животната средина и природата;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 12**

**(7) Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици** ги врши работите што се однесуваат на: уредувањето на градежното земјиште; изградба, реконструкција и одржување на улиците и други инфраструктурни објекти од значење и надлежност на Општината; изградба и одржување на мрежи за јавно осветлување; изградба и одржување на паркови и зеленила; уредување и организирање општинскиот линиски превоз на патници и такси превозот на патници; организирање на режимот на сообраќај; изградба и одржување на сообраќајна сигнализација; изградба и одржување на стационарниот сообраќај; организирање и регулирање на користењето на јавните површини; изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта; определување на имиња на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти; следење на состојбата во областите и предлагање на мерки и активности за подобрување на истите и врши други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(7.1) Одделението за комунални дејности** ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење на работите што се однесуваат на уредувањето на градежното зенјиште и изготвува годишна програмата за уредување на градежно земјиште;
- изготвување годишна програма за изградба и одржување на објекти од електроенергетска инфраструктура и нисконапонска мрежа;
- изготвување развојни и годишни програми за водоснабдување;
- изготвување развојни и годишни програми за канализациони мрежи и атмосверски мрежи;
- изготвување програма за користење и одржување на речните корита во урбаните зони од општината;
- подготвување на листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;
- изгитвување и обезбедување техничка документација за сите погоре наведени активности;
- издавање дозвола за поставување на инсталации во патниот и заштитниот појас;

- давање квартални и годишни извештаи за реализацијата на програмите од одделението;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(7.2) Одделението за сообраќај и улици** ги врши работите што се однесуваат на:
- уредување на динамичкиот и стационарниот режим на сообраќај;
- организирање на општинскиот линиски превоз на патници;
- организирање на такси-превозот на патници;
- изготвување развојна и годишна програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици;
- изготвување годишна програма за одржување на локалните патишта и улици;
- изготвување годишна програма за изградба и одржување на мрежи за јавно осветлување;
- изготвувње годишна програма за изградба и одржување на јавни паркови и зеленила;
- изготвува годишна програма за јавна чистота;
- изготвување на програма за изградба и одржување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација;
- потготвување на програма за зимско одржување на локалните патишта и улици;
- давање квартални и годишни извештаи за реализација на сите програми во надлежност на одделението;
- вршење стручен надзор врз реализацијата на сите донесени програми од страна на Советот на Општина Охрид а се однесуваат на одделението;
- издавање лиценци за општински линиски превоз на патници и такси превоз на патници, дозволи за посебен линиски превоз и води регистар за истите;
- издавање одобренија за превоз на патници и стока во внатрешната пловидба;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 13**

**(8) Секторот за туризам и локален економски развој** ги врши работите што се однесуваат на: промовирање на туристичките вредности на Општината; туристичка и угостителска дејност од мал обем; локалниот економски развој преку изработка на програми и мерки за поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото на локално ниво и вршителите на занаетчиска дејност и врши други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(8.1) Одеделението за туризам** ги врши работите што се однесуваат на:
- промовирање на туристичките вредности на општината;
- подготвување на програмите и предлагање мерки за развој на облиците на туристичка и угостителска дејност од мал обем;
- водење на регистарот на вршители на туристичка и угостителска дејност од мал обем;
- давање туристички информации и врши дистрибуција на информативно промотивни материјали;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(8.2) Одделението за локален економски развој** ги врши работите што се однесуваат на:

- планирање на локалниот економски развој на Општината;
- предлагање и утврдување на развојните и структурните приоритет на Општината
- подготвување програми и предлагање мерки за поддршка на малите и средните претпријатија, занаетчиството и претприемаштвото на локално ниво.
- воспоставување и развива мрежата на институции и агенции за промовирање на партнерството;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 14**

**(9) Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура;** ги врши работите што се однесуваат на: иницирање, координација и реализација на соработката на Општина Охрид со збратимените градови, со странски и меѓународни донатори, организации и кредитори, со здруженијата на граѓани и фондации на подрачјето на Општина Охрид, предлагање мерки за поддршка на активностите на здруженијата на граѓани и фондации и врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(9.1) Одделението за меѓународна соработка и соработка со збратимени градови** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување годишна и среднорочна програма за соработка со збратимените градови на Општина Охрид;
- во координација со другите сектори во рамки на општинската администрација реализирање на проектите од областа на соработката со збратимените градови на Општина Охрид;
- врз основа на предлозите и иницијативите од другите сектори во рамки на градската администрација, подесување предлог-проекти за поддршка од меѓународни и странски донатори и субјекти и организирање на учеството на општина Охрид на конкурси за проекти на домашни и странски субјекти во областите од надлежност на Општина Охрид;
- координирање на работата на проектните тимови за реализација на проектите кои се финансираат од странски и меѓународни донатори и организации и учествува во подготовката на извештаите, евалуациите и друга документација која се поднесува до странските/меѓународни донатори и организации;
- во координација со други сектори во рамки на општинската администрација, иницира, координира и учествува во реализацијата на проектите кои се финансираат со кредити/заеми од странски или меѓународни финансиски организации;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(9.2) Одделението за УНЕСКО и европска интеграција** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење на активностите поврзани со УНЕСКО;
- соработување со националната комисија на УНЕСКО за Македонија;

- следење и координирање на активностите за заштита на културни добра во надлежност на Општина Охрид и соработување со институции во заштита и зачувување на културното и природното наследство, како и канцелариите на УНЕСКО;
- спроведување на правилниците и постапување по конвенциите за заштитени градови од страна на УНЕСКО;
- изработување проекти и следење на фондовите на УНЕСКО кои предвидуваат експертска, техничка помош и опрема;
- обезбедување информации на Општина Охрид за европските политики кои се во тек на дефинирање;
- предлагање мерки и активности за изградба на капацитетите на општинската администрација согласно со европското законодавство;
- учествување и организирање тркалезни маси и конференции кои се однесуваат на развојот на локалното законодавство;
- помагање во ефективно усвојување на европските структурни фондови преку лесен достап на информации за европските програми, проекти и иницијативи за заедништво;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(9.3) Одделението за култура** ги врши работите што се однесуваат на:
- соработување со јавните институции, здруженија и други непрофитни организации кои се однесуваат на реализација на различни културни програми, како и врши анализа на ефективноста на спроведените програми и проекти на овие културни ентитети;
- следење на извршувањето на буџетот, како и на ефектите и оправданоста на индивидуални програми во областа на музиката, театарот, музејската и галериска активност, фолклорот и филмската индустрија, Одделението работи на издавање на препораки и одобренија потребни за извршување на одредени културни програми;
- реновирање на „Календар на настани во Општина Охрид“ на нивните веб-сајтови кои нудат детални информации за видот, времето, местото и организаторите на културни настани во Охрид, кој се ажурира на дневна основа;
- подготвување програма за институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за Општина Охрид;
- подготвување програма за негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и други културни вредности;
- подготвување програма за организирање културни манифестации;
- подготвување програма за поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;
- подготвување програма за одбележување на настани и личности од значење за Општина Охрид со спомен обележја;
- ја подготвување на одлуката за подигање, чување, заштита и користење на спомен обележја и другите прописи од надлежност на Советот на Општина Охрид;
- водење на регистарот на спомен обележја и доставува извод од регистарот при секој упис или промена до надлежното министерство;
- иницирање и спроведување на постапката за основање локален музеј и библиотека;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 15**

**(10) Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита** ги врши

работите што се однесуваат на: пратење на состојбата во областите на културата, здравството, социјалната заштита; следење и поттикнување на активностите на здруженијата на граѓани и фондации од споменатите области чија активност е од интерес на општината; следење на прописите од овие области и предлагање мерки и активности што треба да ги преземат советот и градоначалникот и врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(10.1) Одделението за образование** ги врши работите што се однесуваат на:

- изготвување анализи, информации и извештаи за работите и состојбите во средното образование во Општина Охрид;
- подготвување предлог за усвојување на годишната програма за работа и извештајот за реализација на годишната програма на јавните средни училишта и на ученичките домови;
- прибирање податоци и правење анализи на предлозите на уличиштата за запишување ученици во прва година средно образование;
- подготвување предлог за запишување ученици во јавните средни училишта и за запишување и прием на ученици во ученичките домови;
- изготвување извештаи за реализација на уписната политика;
- подготвување предлог за формирање паралелки со помал број ученици во јавните средни улилишта
- устројување евиденција за опфатот на децата во средното образование и предлага мерки за подобрување на состојбите;
- следење на состојбите за опфатот на децата со посебни потреби во системот на средното образование;
- подготвување предлог за прекин на воспитно образовната работа во вонредните состојби;
- покренување иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми во постојните јавни средни училишта за задоволување на посебните потреби на Општината во согласност со потребите на пазарот на трудот;
- иницирање активности за воннаставни активности во јавните средни училишта;
- водење регистар на средните училишта и на ученичките домови на подрачјето на општината;
- давање стручно мислење по предлозите за основање јавни средни училишта, ученички домови и установи за образование за возрасни;
- подготвување предлог за покренување постапка за престанување со работа на јавните средни училишта, ученички домови и установи за образование за возрасни;
- предлагање мерки и активности за подршка и помош на иницијативите за модернизација на училиштата и на ученичките домови;
- преземање активности поврзани до доквалификација и преквалификација на возрасни лица;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(10.2) Одделението за детска, здравствена и социјална заштита** ги врши работите што се однесуваат на:

- предлагање програми за основање, управување, финансирање и одржување на установи за институционална и вонинституционална социјална заштита;

- предлагање преземање мерки за заштита на здравјето на работниците и заштита при работа;
- овозможување саоцијална и здравствена заштита и заштита на децата на подраќјето на Општината;
- предлагање мерки и активности за здравствено воспитување;
- предлага мерки за унапредување на здравјето и превентивни активности;
- предлагање мерки за вршење надзор над заразните болести;
- предлагање мерки за помош на пациенти со специјални потреби;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 16**

**(11) Секторот за спорт, млади и невладини организации** ги врши работите што се однесуваат на: спортот во рамките на надлежностите кои општината задолжително ќе ги извршува; следење и поттикнување на активностите на здруженијата на граѓани и фондации чија активност е од интерес на општината; следење на прописите од овие области и предлагање мерки и активности што треба да ги преземат советот и градоначалникот и врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(11.1) Одделението за спорт** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување програма за развој на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните опфатени во програмите на спортските и спортско-рекреативните клубови во реализација на учелишниот и студенскиот спортски систем, спортот за сите и особено особено спортско рекреативни активности на лица со посебни потреби;
- подготвување програма за одржување и изградба на објекти за спорт, одржување, користење и опремување, планирање и изградба на современи спортски објекти;
- поготвување на предлогот за утврдување на мрежата на спортските објекти и нивно класифицирање;
- подготвување на предлогот за определување рекреативни зони за масно спортување;
- подготвување програма за подржување на Советот на Спортови на Општината;
- давање стручно мислење за извештајот на Сојузот на Спортови на Општината за исполнување на програмите и роковите утврдени во нив;
- подготвување на предлогот на прописот на категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општината;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(11.2) Одделението за млади и невладини организации** ги врши работите што се однесуваат на:

- подобрување на положбата на младите во општеството;
- вмрежување и претставување на младите од Охрид на регионално, национално и меѓународно ниво;
- учество и вклучување во креирањето на младинските политики;
- формирање на работни групи по области и приоритети, за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите;
- организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции;

- учествување, спроведување и реализација на проекти;
- изработување на програми од делокругот на својата област;
- врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 17**

**(12) Секторот за поддршка на градоначалникот** ги врши работите што се однесуваат
на: организирање на работни и други средби на градоначалникот; координирање на мерки и активности со протоколи на домашни и странски делегации; одржување и развивање на соработка со збратимени и пријателски градови; организирање јавните настапи на градоначалникот во средствата за јавно информирање, конференции, трибини и сл; поготвување на јавни анкети, брошури и други документи по прашања од значење за општината и врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(12.1) Одделението за протокол** ги врши работите што се однесуваат на:
- организирање и спроведување на церемонијалите на градоначалникот за време на официјални, свечени и работни посети на официјални лица на Општината;
- вршење координација на активностите со протоколи на државние институции при планирање и реализација на посета на официјални делегации на Општината;
- вршење координација на активностите со протоколи на странските држави при планирање и реализација на посета на официјални делегации на Општината;
- соработување со лица и служби кои вршат иста или слична дејност од државните институции, странските делегации и невладини организации при договорени активности;
- координирање на активностите при организирање на трибини, советувања и други јавни случувања од значење на Општината;
- координирање на соработката со меѓународни организации чија дејност е од посебна важност за Општината;
- одржување и обновување на контактите со збратимените и пријателски градови и поттикнува соработка и контакти со други градови;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(12.2) Одделението за односи со јавност** ги врши работите што се однесуваат на:
- организирање на прес-конференциите, брифинзите и интервјуата за медуимите со Градоначалникот и раководителите од администрацијата на Општината;
- подготвување на соопштенијата за јавноста;
- следење на доставувањето на информациите од одделните сектори во општинската администрација, Советот на Општината, јавните претпријатија и другите јавни установи и служби основани од општината и доставува барања за информации што треба да се пласираат до медиумите до раководителите на секторите во општинската администрација, Советот на Општината, јавните претпријатија и другите јавни установи и служби основани од општината;
- остварување редовна соработка и размена на информации со службите или вработените надлежни за односи со јавноста во јавните претпријатија и јавните установи основани од општината;

- давање писмени одговори на прашањата од новинарите поставени преку отворената линија за новинари;
- анализирање на односот на одделните медиуми кон покривањето на настаните и пласирањето на информациите за работата на општината и предлагање активности и мерки за унапредување на имиџот на општината;
- предлагање мерки и активности за унапредување на транспарентноста на работењето на општината, подготвување или координирање на подготвувањето на одговорите на прашањата на граѓаните доставени преку отворената телефонска линија за граѓаните;
- организирање и дефинирање на информациите за веб-страницата на Општината;
- организирање на спроведувањето на анкети и организирање на јавните трибини при изготвување одделни прописи и стратешки и развојни документи на Општината, како и анкетите за мерење на ставот на граѓаните за определени прашања и проблеми во Општината;
- континуирано следење на законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 18**

**(13) Одделението за инспекциски надзор – Инспекторатот** врши инспекциски надзор во обласата на:
- урбанистичкото планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон;
- комуналните дејности од надлежност на Општината во согласност со закон;
- утврдувањето и наплатата на даноците на имот, наплатата на комуналните такси и наплатата на таксата за привремен престој;
- заштита на животната средина и природата, квалитетот на амбиенталниот воздух;
- угостителство-вршители на угостителска дејност од мал обем;
- туристичка дејност- вршители на туристичка дејност од мал обем;
- превоз на патници од надлежност на Општината во согласност со закон;
- основно и средно образование-основни и средни училишта;
- спорт-спортски објекти во сопственост на Општината, услови за вршење дејност спорт, остварување на програмите донесени од Советот, остварување на правата на спортските клубови основани од Општината;
- вршење увид на лице место и изготвување записници;
- донесување решенија во управна постапка за извршен надзор;
- поднесување пријави до надлежните државни органи;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 19**

**(14) Одделението за управување со човечки ресурси** ги врши работите што се однесуваат на:
- следење и спроведување на законите и подзаконските акти од обласата на човечките ресурси;
- подготвување на актот за организација на општинската администација;
- подготвување на правилникот за систематизација на работните места;
- подготвување на годишната програмата за стручно оспособување и усовршување на службениците во општинската администрација;
- предлагање политики за управување со човечките ресурси во органот;

- подготвување на актите врзани со вработувањето во општинската администрација;
- водење на персоналните досиеја на вработените во општинската администрација;
- пополнување и доставување на ДС обрасците до Централниот регистар за државни службеници што го води Министерството за информатичко општество и администрација;
- учество во подготвувањето на годишната програма за обука на државните службеници и вработените во општинската администрација без статус на државни службеници;
- анализирање на потребите за обуки, предлагање на насоки за доусовршување на вработените;
- координирање на процесот на оценување на државните службеници;
- координирање и подготвување на планот за користењето на годишните одмори и изготвување на решенијата за годишни одмори;
- предлагање на мерки за обезбедување на оптимални услови за работа на вработените;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 20**

**(15) Одделението за внатрешна ревизија** ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење внатешна ревизија, согласно со закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии;
- подготвување план за внатрешна ревизија и по одобрување од Градоначалникот, го обезбедува неговото спроведување и следење;
- доставување извештаи за извршена внатрешна ревизија до Градоначалникот и Советот на општината;
- подготвување квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија;
- вршење оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на Градоначаникот за нивно намалување;
- врз основа на анализи од работењето, утврдување и оценување на економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација;
- следење и проверување на точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;
- утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите, подзаконските акти и актите на општината;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 21**

**(16) Територијалната противпожарна единица на Општината** ги врши следните работи:

- гаснење на пожари на подрачјето на Општината;
- отстранување на непосредна опасност за настанување на пожар;
- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
- укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други работи при несреќи и непогоди;

- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;
- заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РМ утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на РМ заради оперативно делување при гаснење на големи пожари на целата територија на Република Македонија во координација со Дирекцијата за заштита и спасување ;
- давање помош кога тоа е побарано при гаснење на пожари во други држави во координација со Дирекцијата за заштита и спасување;
- водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствената методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување;
- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица согласно законот и подзаконските акти;
- тековна поправка и одржување на техниката и опремата;
- давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;
- врши обука од областа на противпожарната заштита на припадници на АРМ;
-едукација на граѓаните за заштита од пожари преку организирање на предавања, преку медиуми и организирање на други активности;
- врши и други работи што ќе и бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

## III. РАКОВОДЕЊЕ

**Член 22**

Со општинската администрација раководи Градоначалникот.

**Член 23**

(1) Со сектор раководи раководител на сектор.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на сектор, со секторот раководи помошникот на раководителот на секторот.

(3) Со одделение раководи раководител на одделение.

(4) Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен државен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на секторот.

**Член 24**

(1) Со Територијалната противпожарна единица на Општината раководи командандир.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на командандирот, со Територијалната противпожарна единица на Општината раководи заменик командир на Територијалната противпожарна единица.

(3) Со одделение раководи командир на одделение.

**Член 25**

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работните места го утврдува Градоначалникот со Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација .

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Охрид бр. 07-3963/13 од 31.07.2013 година.

**Член 27**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид”, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Број 08-11715/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2015 – 2018 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2015 – 2018 за периодот од 01.04. - 30.06.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/19** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2015 – 2018 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2015 - 2018 за периодот од 01.04. - 30.06.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Извештајот е изработен за периодот од три месеци и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за локален економски развој и туризам, во периодот од 01.04 до 30.06.2015 год. за реализација на:

- ПРОГРАМАТА Г2 ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.04.2015 – 30.06. 2015 ГОДИНА

Во периодот 01.04.2015 – 30.06.2015 год. одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**
2. **Промоција на туризмот, организирање на настапи и присуство на саеми**
3. **Изготвување на печатен и електронски промотивни материјал за одделни сегменти од туристичката понуда,**
4. **Подготовка на проекти и проектно управување**
5. **Развој на информативен систем**
6. **Изготвување на анализи, извештаи и информации**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2333 станоиздавачи) и процесот на продолжување на решението за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем
- Организација на промотивна инфо тура 2015
- Организација и учество на меѓународен саем за културен туризам во Велико Трново од 01-04.04.2015
- Промоција на туристичката понуда во Сараево и организација на Охридска вечер (05.05.2015)
- Промоција на туристичката понуда на општинската веб страница
- Промоција на туристичката понуда на Охрид во странски медиуми – репортажа во Al Jazeera Balkans TV
- Промоција на Охрид во познати странски туристички спасанија GLOBER (Турција), AD (Холандија), ТУРИСТИЧКИ СВЕТ (Србија), РЕВИЈА ХОРИЗОНТ (Словенија),
- Промоција на Охрид во странски ТВ станици ATB (Турција), A Haber (Турција), SKY TURK 360 (Турција), TGRT (Турција),

- Подготовки за заедничка организација со туристичко угостителскиот сектор и учество на туристичкиот саем СКОПЈЕ ТРАВЕЛ МАРКЕТ (07-09.05.2015)
- Активности во врска со преземање на мерки за намалување на негативниот тренд на откажувања на туристички арнажмани после кризата во Мај во Куманово (одржување на средби со туристички работници)
- Подготвителни активности во врска со организација на манифестацијата БЕЛО ЛЕТО 2015
- Потпишан меморандум за соработка помеѓу сектор за ТЛЕР – општина Охрид и кластер ЕДЕН
- Потпишан меморандум за соработка помеѓу општина Охрид и Факултетот за Туризам и Угостителство за вршење на обуки на стручен кадар

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

## АНЕКС 1

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2015 година

1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)

1.2 Промоција на туризам, организирање на настапи и присуство на саеми, техничка и логистичка поддршка на културни и спортски манифестации во градот

1.3 Изготвување на печатен и електронски промотивни материјал за одделни сегменти од туристичката понуда,

1.4 Подготовка на проекти и проектно управување

1.5 Развој на информативен систем

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2015 год. во однос на 2014 год.), според записници од Општински Инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.04 до 30.06.2015 год.**

**1. Управување со туризмот**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Управување со туризмот (евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)** | | | | | |
| 1 | Април-Јуни 2015 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи од мал обем | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани вкупно 2333 станоиздавачи од мал обем од кои 48 нови станоиздавачи се регистрирани во овај квартален период | Не се потрошени финансиски средства |
| 2 | Април-Јуни 2015 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи од мал обем | За таа цел подготвена е документација: изготвување постапка, барање за продолжување на категоризацијата и праќање известување на станоиздавачите на кои им поминал рокот на решението од 3 години. | Во овај квартален период 49 продолжени решенија за категоризација | Не се потрошени финансиски средства |
| | | | | | |
| **1.3 Одбележување (сигнализација) на туристичките места** | | | | | |
| 1 | Април-Јуни 2015 | Учество во реализација на проект „Кон Алтернативен Туризам“. | Активноста е во склоп на проектот “Кон алтернативен Туризам“, во кој Општина Охрид учествува како партнер, со што целосното финансирање ќе биде обезбедено од страна на главниот апликант МРФ (Македонска Развојна Фондација за Претпријатија), во рамки на IPA CBC 2011. | Овој проект придонесува кон реализација на дел од активностите предвидени во подстратегијата за рурален развој. Активностите имаат цел на потенцијалните посетители (туристи) да | Реазлизираните активности се донација на МРФП. Општина Охрид нема потрошено финансиски средства. |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | им се подобри пристапот и доаѓањето до туристичките, културните, историските и природните места со тоа што се поставени се информации за атрактивни локации на територијата на општина Охрид од кои како позначајни можат да се наведат следните: 50 патокази, 22 мали инфо табли, 5 средни инфо табли, 7 големи инфо табли, уредување на 5 видиковци, поставување на 15 дрвени маси со клупи, 5 паркинг места за велосипеди и две полетно слетни писти за параглајдинг. | |
| **1.4. Субвенционирање на приватните станоиздавачи од мал обем** | | | | | |
| **1** | Април 2015 | Субвенционирање на Туристичката такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем | По објавениот јавен повик во месец Јануари 2015 за субвенционирање на Таксата за привремен престој за второто шестмесечие од 2014 год. беа поднесени 25 барање и за истите беа изготвени решенија за исплата. | Финансиска поддршка, но и поттикнување на приватните станоиздавачи да ја пријавуваат таксата за привремен престој што би допринело до | Исплатени сретства по основ субвенции на ТПП во износ од 217.375,00 ден. |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | подобра евиденција на гостите кои престојуваат во Охрид. | |
| **1.5 Субвенционирање на авио превозници** | | | | | |
| **1** | Јуни 2015 | Субвенционирање на авио превозници (отварање на нова авио линија Охрид – Лутон / Лондон) со Авио компанија Визер | Согласно развојната Програма за Туризам 2015-2018 е предвидено отварање на нова директна авио линија на релација Охрид – Лондон (Лутон) во наредните 4 години со која оперира Авио превозникот Визер. Целта е да се зголеми бројот на туристите од овој дел на Европа. | Од први јули до септември ќе има по два летови неделно, а се очекува оваа сезона бројот на гости кои ќе допатуваат да биде околу 2500. Воедно Визер во својот авио магазин е обврзан да објавува репортажи за Охрид и туристичкиот потенцијал. | Исплатата ќе се изврши согласно тендерската процедура и потпишаниот договор во наредните квартали |

## 2. Промоција на туризмот

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми** | | | | | |
| 1 | Април 2015 | Организација на промо тура Охрид 2015 | Согласно програмата за развој и унапредување на туризмот и угостителството, секторот за ТЛЕР во заедничка соработка со туристичките субјекти од Охрид организирана беше ПРОМО ТУРА ОХРИД 2015. Поканети беа медиуми од Бугарија, Србија, Турција, Русија, Словенија, Хрватска, Израел.<br>Посетени беа културно-историските знаменитости на Охрид, природните убавини и акцент беше ставено на алтернативните форми на туризам. | Објавени репортажи во АТВ и A Haber ТВ (10 мин репортажи за Охрид 10 емитувања во неделата),<br>Објавени репортажи за Охрид во ревијалните туристички магазини GLOBER “ кое се дистрибуира во авионите на компанијата ATLASGLOBAL (списанието се печати на англиски и турски јазик, со тираж од 72.000 примероци а просечно на ден го читаат околу 15 000 луѓе или 450-500.000 читатели месечно,<br>Ревија ХОРИЗОНТ, ТУРИСТИЧКИ СВЕТ (репортажи за Охрид во 4-5 страници) | 106.680,00 ден |
| 2 | Јуни 2015 | Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски електронски и печатени медиуми | Посета на претставници од реномираното холандско списание AD и Al Jazeera Balkan | Објавена репортажа за Охрид во холандското списание АД.<br>Промовирана туристичката понуда и туристичкиот потенцијал на град Охрид.<br>Снимени неколку емисии за Охрид кои на есен ќе се емитуваат на Al Jazeera | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3** | Јуни 2015 | Одржани состаноци со туроператори | Претставници на познатиот тур-оператор „ Балкан Холидејс“ од Лондон, предводена од Стеван Поповиќ, оствариja средба со градоначалникот Никола Бакрачески и раководителот на Секторот за туризам и локален економски развој Ѓоко Апостолов. | Изразена е подготвеност да за заедничка промоцијата на Охрид во британската престолнина. Промоцијата на туристичката понуда на Охрид во Лондон би се одржала пред познати туристички агенции и новинари, како и објавување на пригодни содржини во нивната рекламна публикација. | Не се потрошени финансиски средства |
| **4** | Мај – Јуни | Одржани коордниативни средби со претставници на туристичко угостителскиот сектор | По настанатата криза во кумановскиот регион и општата политичка состојба доведе до намалување и откажување на голем број на туристичките резервации во Охрид и регионот. Поради тоа беа организирани голем број на работни состаноци со сите чинители на туризмот на кој се презедоа голем број на заклучоци и активности за намалување и спречување на откажувањата на резервавиите во хотелските и приватните сместувачки капацитети. Испратени беа дописи до медиумите, релевантните министерства, дипломатските претставништа и амбасади во РМ, како и дипломатски претставништва на РМ во странство. | После преземањето на овие активности, бројот на откажани аранжмани се намалуваше во континуитет се до целосно негово прекинување | Не се потрошени финансиски средства |
| **5** | Јуни 2015 | Одржани коордниативни средби со претставници на превозниците на вода | На почеток на летната туристичка сезона се појави проблемот со начинот на уредување на услугите на традиционалните охридски кајчари. Секторот за ТЛЕР организираше средба на која присуствуваа и претставници на подрачната единица на пазарниот инспекторат и | Преку Секторот за ТЛЕР веднаш се испрати барање до Секторот за туризам при Министерството за економија за покренување постапка за дополнување на Законот за туристичка дејност. Резултатот е итната измена | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | охридските кајчари. | на законските прописи со кои регистрацијата за вршење на услуги за превоз на патници во охридските кајчиња се води во регистарот на Градоначалникот на општината со постапка и правилник за упис во регистарот. | |
| **2.2. Соработка со странски туроператори** | | | | | |
| 1 | Април 2015 | Организација на промо тура Охрид 2015 | Согласно програмата за развој и унапредување на туризмот и угостителството, секторот за ТЛЕР во заедничка соработка со туристичките субјекти од Охрид организирана беше ПРОМО ТУРА ОХРИД 2015. Поканети беа Туристички агенции и туроператорид Бугарија, Србија, Турција, Русија, Словенија, Хрватска, Израел. Покрај посетата на туристичкиот потенцијал на градот беа извршени посети на хотелите во градот и одржани B2B средби со нивните менаџменти. | Промоција на туристичката понуда на град Охрид и регионот пред претставници на странски туроператори и туристички агенции од Бугарија, Русија, Австрија, Унгарија, Украина, Израел. Од 2016 год Охрид ќе се најде во понудата на туристичките аранжмани на туристичките агенции и туроператори. | Средставата се исплатени во согласност со ставката 2.1 Промоција на туристичката понуда на Охрид во странските електронски и печатени медиуми |
| 2 | Мај 2015 | Охридска вечер во Сараево (Стари Град) | Промоција на Охрид пред туристичките работници односно туристички агенции и туроператори од Р. Босна и Херцеговина Општина Охрид во соработка со амбасадата на Р. Македонија во Р. БИХ се организира Охридска вечер | Извршена промоција на туристичката понуда на Охрид и организирана Охридска вечер со традиционална храна и пијалоци. Промовирана туристичката понуда на Охрид преку промотивен материјал, видео презентации, директни разговори со туристички организации и институции. Присутни беа голем дел на туристички | 27.201,00 ден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | агенции и туроператори од регионот. | |
| **2.3. Презентација на меѓународни туристички берзи** | | | | | |
| **1** | Април 2015 | Меѓународни туристички саеми и берзи | Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ општина Охрид учествуваше на меѓународниот саем за културен туризам во Велико Трново – Р. Бугарија | Промоција на туристичката понуда на град Охрид на меѓународниот туристички саем. Остварени контакти со туристички агенции и туроператори од Р. Бугарија | Не се потрошени финансиски средства |
| **2** | Мај 2015 | Организација и учество на туристичкиот саем СКОПЈЕ ТРАВЕЛ МАРКЕТ (07-09.05.2015) | Општина Охрид беше град домаќин на туристичкиот саем „Скопје Травел Маркет“ кој се одржа во Скопје на Скопскиот Саем. Саемот се одржа на површина од преку 3 500 м2, а охридските штандови заседоа централно место. Учествуваа преку 100 хотелско – угостителски компании, туристички агенции, тур оператори од Македонија, Црна Гора, Србија и Турција. | На простор од 60 м2 охридскиот штанд беше претставен со карактеристична охридска, рурална и градска одаја а застапени беа и дел од старите занаети, традиционална охридска кујна како и интересен фото материјал „Охрид низ минатото“. Штандот го посетија огромен број на посетители а остварени беа и повеќе деловни средби. | 70.0 ден |
| **2.5 Организација на “ЛЕТО 2015”** | | | | | |
| **1** | Јуни 2015 | Подготвителни активности за организација на манифестацијата “БЕЛО ЛЕТО 2015 | Секторот за ТЛЕР при општина Охрид секоја година традиционално ја организира манифестацијата БЕЛО ЛЕТО 2015 која претставува настан со повеќе активности и културно уметничка програма кој на симболичен начин го одбележува почетокот на туристичката сезона во град Охрид. | На градскиот плоштад е планирано да се организира концерт на кој ќе настапат Слаткаристика, Тајзи и Соунд Месенџерс, Воедно на малиот плоштад кај Долна Порта на неколку штандови ќе бидат презентирани сегменти од охридската туристичка понуда (занатечиство и сл.) | Не се потрошени финансиски средства (реализацијата е во Јули 2015) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.6. Печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичка понуда** | | | | | |
| **1** | Мај 2015 | Печатење на промотивен материјал | Согласно програмата за развој и унапредување на туризмот, секторот за ТЛЕР подготви и испечати промотивен материјал и ексклузивна фотоброшура за Охрид во печатена и електронска форма. Опфатени се сите сегменти од туристичките потенцијали и туристичката понуда на град Охрид. | За прв пат Охрид преку Општина Охрид добива ексклузивен промотивен материјал од висок квалитет со чија помош градот и туристичкиот потенцијал ќе бидат промовирани пред гости и делегации. | 1.156.754,00 ден |
| **2.7. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем** | | | | | |
| **1** | Април-Јуни 2015 | Ажурирање и дополнување на потадоци на чинителите на угостителско-туристичките субјекти за промотивни цели | Бесплатно рекламирање на сите угостителско- туристичките субјекти од Охрид на веб страната www.ipult.info | Промоција на туристичките потенцијали на Охрид и охридскиот регион | Нема потрошени финансиски средства |
| **2** | Април-Јуни 2015 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електонска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Прегледност на регистрирани станоиздавачи и изнаоѓање на нерегистрирани станоиздавачи | Нема потрошени финансиски средства |
| **3** | Април-Јуни 2015 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електонска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Прегледност на регистрирани туристички водичи и агенции и изнаоѓање на диви туристички водичи и туристички агенции | Нема потрошени финансиски средства |
| **4** | Април-Јуни 2015 | Евиденција регистрација и контрола на податоци од општинскиот инспекторат | Редовно ажурирање на податоци за наплата на туристичка такса за привремен престој, како и податоци за ноќевања на домашни и странски посетители | Во соработка со општинскиот инспекторат Контрола на наплата на ТПП и воведени контроли за нелегални станоиздавачи и туристички водичи | Нема потрошени финансиски средства |

**II. Информација за наплата на таксата за привремен престој**

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.04.2015 до 30.06.2015** година е следна :

**Приход од такса за привремен престој по месеци (добиени податоци заклучно со месец март)**

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| **1** | **Јануари** | 211584 | 105208 | 316792 |
| **2** | **Февруари** | 213600 | 47200 | 260800 |
| **3** | **Март** | 187944 | 38088 | 226032 |
| **4** | **Април** | 187016 | 6976 | 193992 |
| **5** | **Мај** | 528784 | 65840 | 594624 |
| **6** | **Јуни** | 1705912 | 110344 | 1816256 |
| **7** | **Јули** | | | |
| **8** | **Август** | | | |
| **9** | **Септември** | | | |
| **10** | **Октомври** | | | |
| **11** | **Ноември** | | | |
| **12** | **Декември** | | | |
| | **ВКУПНО** | 3034840 | 373656 | 3408496 |

**Во периодот од 01.01.2015 до 30.06.2015 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 3.408.496,00 денари.**

**Споредба Јануари - Јуни**

**За споредба, во 2014 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 3.070.263,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за 2015 година е зголемена за 11 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот период во 2014 година.**

**III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2015 год. во однос на 2014 год.)**

| | **РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА)** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.Б** | **Месец** | **Дом.** | **Однос** | **Стр.** | **Однос%** | **Вкупно** | **Однос** |

| | | Ноќевања | | % | Ноќевања | | | Ноќевања | | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **2014** | **2015** | **2015/14** | **2014** | **2015** | **2015/14** | **2014** | **2015** | **2015/14** |
| 1 | јануари | 2817 | 1780 | 63,2 | 3257 | 3671 | 112,7 | 6074 | 5451 | 89,7 |
| 2 | февруари | 3177 | 2377 | 74,8 | 2186 | 3195 | 146,1 | 5363 | 5572 | 103,9 |
| 3 | март | 2329 | 3030 | 130,1 | 6171 | 6329 | 102,6 | 8500 | 9359 | 110,1 |
| 4 | април | 6074 | 5588 | 92,0 | 12095 | 14915 | 123,3 | 18169 | 20503 | 112,8 |
| 5 | мај | 15982 | 13448 | 84,1 | 38258 | 40315 | 105,4 | 54240 | 53763 | 99,1 |
| 6 | јуни | | | | | | | | | |
| 7 | јули | | | | | | | | | |
| 8 | август | | | | | | | | | |
| 9 | септември | | | | | | | | | |
| 10 | октомври | | | | | | | | | |
| 11 | ноември | | | | | | | | | |
| 12 | декември | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | 30379 | 26223 | 86,3 | 61967 | 68425 | 110,4 | 92346 | 94648 | 102,5 |

**Согласно информацијата изготвена од Општинскиот инспекторат, бројот на ноќевањата од основни објекти во 2015 година (Јануари - Мај ) во однос на 2014 година (Јануари - Мај), е зголемување за 2,5 % и тоа : кај домашните ноќевања има намалување за 13,7 % , а за странските има зголемување за 10,4 %.**

**Број 08-11715/19-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. - 30.06.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/20** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 30.06.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/20**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2015 ГОДИНА ДО 30.06.2015 ГОДИНА**

Во рамки на надлежностите на локалната самоуправа Одделението за даноци ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за даноци, изготвува решенија, ја следи наплатата на даноците и врши постапка на присилна наплата на даночниот долг.

**ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК**

За период од 01.01.2015 до 30.06.2015 година во работа се **463** предмети од **данок на наследство и подарок** од кои:

- 458 предмети се по даночни пријави од 2015 година.
- 5 предмети се по даночни пријави од минати години.

Од вкупниот број предмети по даночни пријави од 2015 година -458:

- 11 предмети се во процедура пред овластените проценители за утврдување на пазарна вредност на недвижноста.
- 1 предмет е повлечен.
- За 446 изготвени се решенија од кои:
- 37 решенија се со даночно задолжување.
- 409 решенија се со даночно ослободување.

Од страна на даночните обврзници поднесени се 2 жалби на решение кои се процесуирани до Министерството за финансии.

Вкупното задолжение по решенија за данок на наследство и подарок по предмети поднесени во 2015 година изнесува **1.666.281,00** денари од кои заклучно со 30.06.2015 година:

- наплатени се 1.257.924,00 денари.
- ненаплатени се 408.357,00 денари.

Во период од 01.01.2015 година до 30.06.2015 година по основ на данок на наследство и подарок остварени се приходи во износ од **1.590.603,00** денари од кои:

- 1.257.924,00 денари се по задолженија од предмети од 2015 година.
- 332.679,00 денари се по задолженија од предмети од минати години.

**ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

За период од 01.01.2015 до 30.06.2015 година во работа се **612** предмети од **данок на промет на недвижности** од кои:

- 579 предмети се по даночни пријави од 2015 година.
- 31 предмети се по даночни пријави од 2014 година.
- 2 предмети се по даночни пријави од 2013 година.

Од вкупниот број предмети по даночни пријави од 2015 година -579:

- 29 предмети се во процедура пред овластените проценители за утврдување на пазарна вредност на недвижноста.
- 5 предмети се повлечени.
- 2 предмети се пренасочени.
- 3 предмети се некомплетни.
- За 540 изготвени се решенија од кои:
- 453 решенија се со даночно задолжување.
- 87 решенија се со даночно ослободување.

Од страна на даночните обврзници поднесени се 3 жалби на решенија од кои по 2 жалби постапил првостепениот орган а една жалба е процесуирана до Министерството за финансии.

Вкупното задолжение по решенија за данок на промет на недвижности по предмети поднесени во 2015 година изнесува **31.184.896,00** денари од кои заклучно со 30.06.2015 година :

- наплатени се 25.209.851,00 денари
- ненаплатени се 5.975.045,00 денари.

Во период од 01.01.2015 година до 30.06.2015 година по основ на данок на промет на недвижности остварени се приходи во износ од **41.549.705,00** денари од кои:

- 25.209.851,00 денари се по задолженија од предмети од 2015 година.
- 16.339.854,00 денари се по задолженија од предмети од минати години.

**ДАНОК НА ИМОТ**

За период од 01.01.2015 до 30.06.2015 година обработени се **1.946** даночни пријави, **1.328** даночни одјави и **1.017** пријави за промени на данок на имот. Од нив 61 даночна пријава е поднесена од самите даночни обврзници, а 1.885 се по службена должност.

За 2015 година изготвени се **27.345** решенија за данок на имот од кои 26.758 решенија од данок на имот на физички лица и 587 решенија од данок на имот на правни лица.

Вкупното задолжување по основ донесени решенија за 2015 година изнесува **77.138.911,00** денари.

Доставата на решенијата за данок на имот за 2015 година е во тек.

Во период од 01.01.2015 до 30.06.2015 година остварени се приходи по основ на данок на имот во износ од **28.865.050,00** денари од кои 17.194.650,00 денари данок на имот од физички лица и 11.670.400,00 денари данок на имот од правни лица.

Во период 01.01.2015 до 30.06.2015 година изготвени се 187 решенија за данок на имот по припис за период 2011-2014 година по службена должност со задолжение во износ од 784.768,00 денари.

На решенијата за данок на имот за 2015 година и решенијата за данок на имот по припис за период 2011-2014 година од страна на даночните обврзници поднесени се вкупно 31 жалба од кои 12 жалби се процесуирани до Министерството за финансии и чие решавање е во

тек, 3 жалби се решени од второстепениот орган, по 11 жалби постапил првостепениот орган, 4 жалби се некомплетни и 1 жалба е отфрлена како ненавремена.

**ПРИСИЛНА НАПЛАТА**

Во период од 01.01.2015 до 30.06.2015 година изготвени се 3443 опомени за неплатен долг по основ на данок на имот во постапка на присилна наплата и 53 опомени за неплатен долг по основ данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок и 127 решенија за присилна наплата.Во истиот период изготвени се и 12 заклучоци за целосно или делумно запирање на постапката за присилна наплата.

**ПОДНЕСОЦИ**

За период од 01.01.2015 до 30.06.2015 година поднесени се вкупно **64** барања од кои:

- 1 барање од УЈП за доставување податоци за купопродажни договори.
- 6 барања од институции и органи за утврдување на пазарна вредност на недвижноста.
- 11 барања за потврди за даночни не(обврзници) за пред судски органи, министерства и институции.
- 17 барања за потврди за даночни не(обврзници) за социјална помош , социјални станови и закупнина.
- 23 барања за потврди за платени даноци за стипендија, сместување во студентски дом, студентски кредит и виза за странство.
- 6 барања по други основи.

Сите тие се обработени и на истите е одговорено.

Во истиот период донесени се и **198** решенија за пренасочување на погрешно уплатени сретства како и 8 решенија за повраќај на паричен износ.

Во период 01.01.2015 до 30.06.2015 година извршена е проценка на пазарната вредност на 72 бесправно изградени објекти ( куќи ) и 54 други градежни објекти според новата методологија за процена на пазарна вредност на недвижен имот.

Во истиот период извршено е ревреднување на 729 индивидуални станбени згради ( куќи) 237 деловни простори и 914 други градежни објекти во склоп на куќите и 3 згради со 96 станови и 57 гаражи.

**Број 08-11715/20-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. - 30.06.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/21** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. до 30.06.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**Извештај**
**За работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01.2015 до 30.06.2015 година.**

Во рамки на надлежностите на Локалната Самоуправа, Одделението за комунални такси ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за комунална такса за фирма(назив),изготвува решенија и ја следи наплатата на комуналната такса за фирма(назив) и комуналната такса за користење на музика во јавни локали,како и изготвување на задолженија за поставување на урбана опрема изготвување на решенија за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места и наплата на истите, како и други надлежности утврдени со закон.

**1. КОМУНАЛНА ТАКСА за фирма(назив)**

За **2015** година изготвени се **4.590** решенија за комунална такса за фирма(назив),од кои **4.175** решенија за комунална такса за фирма на правни лица и **415** решенија за комунална такса за фирма на вршители на дејност.

Во периодот од 01.01.2015 до 30.06.2015 година по основ комунална такса за фирма остварени се приходи во износ од **2.959.522.00 денари**.

Доставата на решенијата за комунална такса за фирма за 2015 година е во тек.

**2. КОМУНАЛНА ТАКСА за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места.**

Во рамки на надлежностите на одделението за комунални такси,изготвено и доставено е 1 решение за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места,и тоа

**1.АКЦЕНТ МЕДИА**-за **5** ***светлечки рекламни панели-сити лајти*** и **45** ***рекламни панели-билборди*** за период од една година во вкупен износ од **50.000.00** денари.Истиот износ е наплатен во целост.

**3.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на плоштадите и друг простор во градот.(презентации)**

-Во периодот од 01.01.2015 до 30.06.2015 година,направена е 1 ***презентација*** ,од кои е остварен приход во износ од **3.220.оо** денари.

**4.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.**

-Во периодот од 01.01.2015 до 30.06.2015 година, по основ комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност,врз основа на доставените договори за закуп од Секторот за урбанизам,издадени се **43 ЗАДОЛЖЕНИЈА** и остварени се приходи во вкупен износ од **2.438.045.00** денари. По склучувањето на Договорите за закуп во Секторот за урбанизам и нивното проследување до оддееление за комунални такси,обврзниците се задолжуваат за уплата на комуналната такса,која е еден од условите за добивање на ОДОБРЕНИЕ за поставување урбана опрема.

**5.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на музика во јавните локали.**

- За 2015 год. изготвени се 111 решенија за комунална такса за користење на музика во јавни локали.Доставата на решенијата е во тек,а до 30. 06. 2015год. остварени се приходи во износ од **113.850.00** денари.

**6. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на улици со патни возила.**

Во периодот од 01.01.2015 до 30. 06.2015 година, остварени се приходи во износ од **1.909.866.00 денари.**

**7.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење и одржување на јавно осветлување.**

Во периодот од 01.01.2015 до 30.06.2015 година,остварени се приходи во износ од **29.724.133.00 ден.**

**8.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична употреба.**

**Во периодот од 01.01.2015 до 30.06.2015 год. остварени се приходи во износ од 118.670.00 ден.**

**Број 08-11715/21-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД 2015 - 2017 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. - 30.06. 2015 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид 2015 - 2017 за периодот од 01.04. - 30.06. 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/22** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД 2015 - 2017 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. - 30.06. 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за изработка на урбанистички планови за Општина Охрид 2015 - 2017 за периодот од 01.04. - 30.06.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/22**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД 2015-2017 ОД 01.04.2015 ДО 30.06.2015 година**

**Охрид, 31.07.2015**

Во тек на вториот квартал од 2015 година се работеше на изработка на плановите предвидени со Развојната програмата за изработка на урбанистички планови за општина Охрид 2015-2017. и Измените и дополнувањата на Развојната програмата за изработка на урбанистички планови за општина Охрид 2015-2017. Дел од нив се комплетно завршени, усвоени од Советот на општина Охрид и ставени во употреба, дел се во фаза на изработка, а дел сеуште не се отпочнати со работа

## I.Усвоени планови во првиот и вториот квартал во 2015 година

**1. УПВНМ - индустиска зона Мауцкер**

**2. УП вон населено место Лагадин Пештани БЛОК 3 и дело д БЛОК 4**

**3. УП вон населено место туристички локалитет Св.Стефан - опфат 3**

**4. ДУП за УЗ 18 УБ 18.1 и дел од УБ 18.2 – Чекоштина**

**5.ДУП за ГП 13.4.1 во УЗ 13, УБ 13.4 на КП 3166, КО Охрид 4**

**6. Измени и дополнувања на ДУП во УЗ 17 УБ 17.4**

## II. Во фаза на постапка на донесување се следните планови

## А. Планови финансирани од општина Охрид

**1. ДУП за УЗ 1 дел од УБ 1.1 - Опфат Табана**

граници: Македонски Просветители, пешачка патека меѓу ТЦ Амам и Летница, дел од ул. Климент Охридски, дел од ул. Цар Самоил, крак од Коста Абраш и Охридско Езеро

површина: ........................................................................ П = 2.30 ха

- **Изработен и утврден Нацрт план**
- добиени Конзерваторски основи од Завод и Музеј
- извршено е ажурурање на катастарските подлоги и се врши усогласување на планот со ажурираните подлоги
- Добиена Стручна ревизија и се чека Одговор на ревизијата од иработувачот на планот
- добиено Стручно мислење и одговорна мислењето
- пратено во Министерство за култура за добивање на мислење
- помината јавна анкета и презентација,се разгледуваат анкетните листови и да се комплетираат мислењата
- **се врши повторно ажурирање на подлогите**

**2. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.1 - Опфат Кеј**

граници: Кеј Маршал Тито, Први Мај, Партизанска и Македонски Просветители

површина: ........................................................................ П = 5.70 ха

- Изработен Нацрт план
- добиени Конзерваторски основи од Завод и Музеј
- извршено ажурирање на катастарските подлоги
- Добиена Стручна ревизија и се чека Одговор на ревизијата од иработувачот на планот
- добиено Стручно мислење и одговорна мислењето
- пратено во Министерство за култура за добивање на мислење
- се работи Нацрт планот според мислењето од Министерство за култура
- помината јавна анкета и презентација,се разгледуваат анкетните листови и да се комплетираат мислењата
- **изработен и добиен Анекс на Конзерваторски основи од Завод и Музеј**

**3. ДУП за УЗ 3 УБ 3.1**

граници: Гоце Делчев, И.Дудановски,Туристичка и Бистрица

површина: ........................................................................ П = 17.50 ха

- **отпочната постапка за изработка на Нацрт план**
- извршено ажурирање на катастарските подлоги
- **доставена една Планска програма**

**4. ДУП за УЗ 3 УБ 3.3**

граници: Гоце Делчев, И.Дудановски,Туристичка и Пирин Планина

површина: ........................................................................ П = 10.50 ха

- **ќе се работи Нацрт план ,**
- **даден налог за ажурирање на подлоги**

**5. ДУП за УЗ 4, УБ 4.3**

граници: Васил Стефоски, Т.Трајчески, Гоце Делчев и Распаќе

површина: ........................................................................ П = 8.40 ха

- **Изработен Нацрт план ,**
- даден налог за ажурирање на подлоги

- доставен елаборат со ажурирани подлоги и пратени изводи до фирма за изработкана планот
- доставена планска програма на разгледување,
- изработено мислење по планска програма и пратено кај изработувач да постапи по забелешки
- **Одобрена планска програма од страна на Градоначалник и пратена до изработувач.**

**6. ДУП за УЗ 4, УБ 4.4**

граници: Распаќе, Туристичка и река Даљан

површина: ........................................................................ П = 12.30 ха

- **Изработен Предлог план**
- извршено ажурирање на катастарските подлоги
- прибирање на потребни информации во тек е разглрдување на планот
- формирана комисија за разгледување на Планската програма
- добиено Мислење од Комисијата,добиен одговор од изработувачот на Планот
- планот е Утврден на Совет
- планот е на јавна анкета 23.03,2012 до03,04,2012
- **се комплетираат мислења и спрема Предлог планот за на Согласност**

**7. ДУП за УЗ 4, дел од УБ 4.5 – опфат 1**

граници: Распаќе, улици по ДУП за 4-та УЕ и Гоце Делчев,

површина: ........................................................................ П = 6.70 ха

- **треба да се работи Нацрт план**
- **со стапување на нов катастар треба да се изврши одново ажурирање на подлоги**

**за 2015-2017 година**

Програмата за уредување на градежно земјиште за 2015-2017 година, изработена од Секторот за комунални дејности , сообраќај и улици ги одредува насоките за решавање на комуналните проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани, притоа обезбедувајќи основни

услови за развој на општината и зголемување на квалитетот на живеење на нашите граѓани. Програмата го продолжува континуираниот развој на општина Охрид и зголемените инвестициони активности на општината во изминатиот период.

Изработена е врз основа на анализите направени за можната реализација на урбанистичките планови во народниот период, писмените забелешки на граѓаните, разговорите со дел од жителите на општината, редовните контакти на Градоначалникот и стручните служби, со одборите на МЗ, програмите на УЗ кои се доставуваат до општинските служби, како и согледувањата на стручните служби.

Согледувајќи го погоре изнесеното, направен е предмер пресметка за висината на инвестициите, врз основа на цените и вредноста на реализираните проекти во минатите години.

Имајќи ја предвид реалната ситуација и проблемите со кои се соочува општина Охрид на финансиски план, сепак се надеваме дека оваа програма ќе биде реализирана во целост, а со тоа ќе одговориме во најголем дел на потребата на граѓаните.

Со оваа програма посебно се опфатени следните сегменти, и тоа:

-изработка на урбанистички планови;

-подготвување и расчистување на земјиштето со посебен акцент на решавање на имотно-правните односи;

-изработка на водоводна, канализациона и мрежа за одводни води;

-асфалтирање, тампонирање, поставување на улични рабници и поплочување на тротоари;

На дел од улиците ќе се врши делумна санација на истите, на дел тампонирање, на дел целосна санација и тоа по однос на целосната инфраструктура.

За целосна реализација на ова програма, потребно е да се реши финансирањето на истата, па за таа цел ги предлагаме следните извори на финансирање.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

А) Надомест за уредување на градежно земјиште
Б) Изворни приходи на општината
В) Средства од Министерство за транспорт и врски
Г) Средства од Министерство за финансии ( Сведска Банка)

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

Во овој дел се опфатени средствата потребни за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти.

**ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

Во овој дел се регулира решавањето на имотно-правните односи и исплаќањето надоместок за експропријација на земјиште.

Со овие средства се предвидува да се решат дел од имотно-правните односи и експропријација на земјиште за предмети кои се доставени од граѓани по редослед на доставени предмети:

| | ОПИС | Предвидено | Извршено 01.01.2015 31.03.2015 | Извршено 01.04.2015 30.06.2015 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Отварање на пристапни патишта | **5.000.000** | | | |
| | | | | | |

**Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е утврдено согласно Одлуката донесена од страна на Советот на Општина Охрид објавена во Службен гласник на Општина Охрид на ден 05.02.1999 година, каде се утврдени зоните и цените по метар квадратен за секоја зона.

| **ОПИС** | **Извршено 01.01.2015 31.03.2015** | **Извршено 01.04.2015 30.06.2015** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Изработени Заклучоци за пресметување на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект-легализација | 182 предмети | 174 предмети | 4.720.671<br>4.683.616<br>----------------<br>9.404.287 |
| Изработени предмети и договри на надоместок за уредување на градежно земјиште | 8 предмети | 7 предмети | 9.752.425<br>7.136.680<br>-----------------<br>16.889.105 |
| Поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас | 3 предмети | 17 предмети | 269.250<br>462.000<br>731.250 |

***<u>АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ</u>***

| | **ОПИС** | **Предвидено** | **Извршено 01.01.2015 31.03.2015** | **Извршено 01.04.2015 30.06.2015** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Изградба на краци во УЗ„Илинден“ | **1.000.000** | | | |
| 2 | Изградба на краци во УЗ„Видобишта“ | **1.000.000** | | | |
| 3 | Изградба на краци во УЗ„Дејан Војвода“ | **1.000.000** | | | |
| 4 | Реконструкција на пристапен пат за ОУ “Св.Климент Охридски“ | **1.000.000** | | | |
| 5 | Реконструкција на крак ул. „Кирил и Методи“ горна порта-дрвара | **2.000.000** | | | |
| 6 | Изградба на краци во УЗ„Радојца Новичич“ | **1.000.000** | | | |
| 7 | Изградба на дел од улица “Сирма Војвода | **1.500.000** | | | |
| 8 | Изградба на дел од улица | **1.500.000** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | „Васил Стефоски“ | | | | |
| 9 | Изградба на краци од ул.„Абас Емин“ | **1.000.000** | | | |
| 10 | Изградба на крак од ул.„ Крум Точко“ до спој со дрвара | **600.000** | | | |
| 11 | Изградба на краци од ул.„Момчило Јорданоски“ | **1.000.000** | | | |
| 12 | Реконструкција на улици во УЗ „Гоце Делчев“ | **1.000.000** | | | |
| 13 | Изградба на краци во УЗ„Железничка“ | **1.000.000** | | | |
| 14 | Изградба на краци во УЗ„15 ти-Корпус “ | **1.500.000** | | | |
| 15 | Реконструкција на тротоари на бул.„Туристичка“ | **2.000.000** | | | |
| 16 | Реконструкција на краци населба„Охридати“ | **900.000** | | | |
| 17 | Санација и крпење на ударни дупки и прекопи | **4.000.000** | | | |
| 18 | Реконструкција и одржување на други непредвидени улици<br>• санирање и поплочување со бехатон плочки во Општина Охрид;<br>• санирање и поплочување со бехатон елементи и камени коцки во Општина Охрид;<br>• санација на тротоар на ул. „ Партизанска“ | **5.000.000** | 145.578 | 280.134<br>13.900<br>282.357 | 14,4 % |

## ***ТАМПОНИРАЊЕ НА УЛИЦИ***

| | **ОПИС** | **Предвидено** | **Извршено 01.01.2015 31.03.2015** | **Извршено 01.04.2015 30.06.2015** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 19 | Тампонирање на улици и патишта<br>• тампонирање и изведба на дренажа СРЦ „ Билјанини Извори“<br>• тампонирање улица до црква во с.Трпејца | **1.200.000** | 769.917 | 22.265 | 66 % |
| 20 | Тампонирање на улици во нас. Св. Стефан и Шипокно | **200.000** | | | |
| 21 | Тампонирање на пат во с.Рамне | **100.000** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Тампонирање на патот Ливоишта-Требеништа | **600.000** | | | |
| 23 | Тампонирање и санација на пат во с.Свињишта | **200.000** | | | |
| 24 | Тампонирање на потег -влез во згради кај Пожарна | **100.000** | | | |
| 25 | Тампонирање на улица во нас.Болнички Комплекс | **1.000.000** | | | |
| | | | | | |

***<u>ИЗГРАДБА НА КРУЖНИ РАСКРСНИЦИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ФОРМИРАЊЕ НА НОВИ РАСКРСНИЦИ И ИЗВЕДБА НА ПАРКИНГ МЕСТА</u>***

| | **ОПИС** | **Предвидено** | **Извршено 01.01.2015 31.03.2015** | **Извршено 01.04.2015 30.06.2015** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 26 | Изработка на проектна техничка документација | **200.000** | | | |
| 27 | Изградба и уредување на постојни кружни раскрсници | **300.000** | | | |
| 28 | Изградба на кружна раскрсница на ул.Туристичка-Јане Сандански | **6.250.000** | | | |
| 29 | Изградба на кружна раскрсница на ул.Туристичка-Абаз Емин | **3.700.000** | | | |
| 30 | Изградба на кружна раскрсница на ул.Туристичка-Стив Наумов | **5.400.000** | | | |
| 31 | Уредување на паркинг простор пред згради во Општина Охрид | **300.000** | | | |
| 32 | Уредување и одржавање на други непредвидени раскрсници | **900.000** | | | |
| | | | | | |

***<u>ПОСТАВУВАЊЕ НА УЛИЧНИ РАБНИЦИ</u>***

| | **ОПИС** | **Предвидено** | **Извршено 01.01.2015 31.03.2015** | **Извршено 01.04.2015 30.06.2015** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 33 | Поставување на улични рабници | **1.500.000** | | | |
| 34 | Поставување на улични рабници УЗ 15-ти Корпус | **500.000** | | | |
| | | | | | |

***ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ***

| | ОПИС | Предвидено | Извршено 01.01.2015 31.03.2015 | Извршено 01.04.2015 30.06.2015 | Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| 35 | Изградба на пешачка патека Охрид-Парк-Св,Стефан, 1-ва фаза Охрид- хотел Парк<br>• гранитни плочки, жардињери и земјени работи | **6.000.000** | | 3.724.718,99 | 62,1% |
| 36 | Изработка на пешачка патека во МЗ Кошишта | **500.000** | | | |
| 37 | Поплочување на пат во с.Велгошти | **400.000** | | | |
| 38 | Поплочување на улици во стариот дел од градот | **1.000.000** | | | |
| 39 | Поплочување на тротоари во нас. Далјан | **400.000** | | | |
| 40 | Поплочување на крак од ул.Сирма Војвода ( Кај Т.С. Охрид) | **500.000** | | | |
| 41 | Поплочување на тротоари во нас. Христо Узунов | **400.000** | | | |
| 42 | Поплочување на пешачка патека во нас. Рача | **400.000** | | | |
| 43 | Поплочување на тротоарот на ул.Гоце Делчев –УЗ Кошишта | **500.000** | | | |
| 44 | Уредување на тротоари во УЗ Гоце Делчев | **500.000** | | | |
| 45 | Уредување на тротоари во УЗ Воска | **600.000** | | | |
| 46 | Изграбва на тротоари УЗ 15-ти Корпус | **1.000.000** | | | |
| 47 | Поплочување на тротоари на Бул. Туристичка | **1.000.000** | | | |
| 48 | Поплочување на потег на крстосница Бул Туристичка со Бул.Маке. Просветители и делот од тротоарот наспроти Халк Банка | **300.000** | | | |
| 49 | Изградба на тротоар на ул. Абас Емин | **500.000** | | | |
| 50 | Поплочување на тротоар на потегот од ул.Ванчо Питошески до детска градинка | **500.000** | | | |
| 51 | Доизградба на тротоари по должина на улицата Даме Груев | **800.000** | | | |
| 52 | Доизградба на тротоари на улицата 8-ми Март и Стив | **300.000** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Наумов | | | | |
| 53 | Доизградба на тротоари по должина на улицата 8-ми Септември | **1.300.000** | | | |
| 54 | Изградба на тротоар во н.Рача | **2.500.000** | | | |
| 55 | Поплочување и одржавање на други непредвидени улици и тротоари<br>• поплочување со бехатон плочки на патека за новоизградениот стадион на вештачка трева во СРЦ Биљанини Извори<br>• санирање и поплочување со бехатон плочки во Општина Охрид<br>• уредување на двор во ОУ '' Кочо Рацин''<br>• тротоар на ул. „Никола Карев“<br>• Изведба на градежни работи во градски пазар<br>• поставување бехатон елементи ул.„ Д. Влахов“ наспроти Зоил | **5.000.000** | 886.133<br>314.503<br>103.737 | 454.559<br>21.266<br>34.196 | 36,3 % |
| | **ВКУПНО** | | | | |

***САНАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ***

| | ОПИС | Предвидено | Извршено 01.01.2015 31.03.2015 | Извршено 01.04.2015 30.06.2015 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|
| 56 | Санација на ѕидови во стариот дел од градот<br>- Градежни работи црква св. Богородица Пандонос<br>- реновирање на потпорен зид во Стар Град | **500.000** | | 30.727<br>15.821 | 9.3% |
| 57 | Изградба на потпорен ѕид во н.Св.Стефан | **200.000** | | | |
| 58 | Изградба на потпорен ѕид во с.Косел црква св.Никола) | **200.000** | | | |
| 59 | Изградба на потпорен ѕид во с.Пештани | **300.000** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 60 | Изградба на потпорен ѕид во нас. Рача | **500.000** | 465.746 | | 93,1% |
| 61 | Изградба на потпорен ѕид во с.Завој | **300.000** | | | |
| 62 | Изградба на потпорен ѕид во с.Коњско | **1.000.000** | | | |
| 63 | Санација на потпорен ѕид во с.Велестово | **300.000** | | | |
| 64 | Санација и одржавање на други непредвидени ѕидови<br>• реновирање на потпорен зид во Стар Град на ул.Кочо Рацин<br>• реновирање на потпорен зид во Стар Град на ул.Кузман Капидан<br>• санација на Холандки Парк<br>• Санација на зид и ограда на ул. „ Партизанска“<br>• потпорен ѕид во м.в.Кромидишта | **2.000.000** | 67.378<br>34.338<br>15.222 | 20.921<br>96.760 | 11,7% |
| | | | | | |

## ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

| | ОПИС | Предвидено | Извршено 01.01.2015 31.03.2015 | Извршено 01.04.2015 30.06.2015 | Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| 65 | Поправка и одржување на урбана опрема | **500.000** | | | |
| 66 | Изградба и опремување на автобуски постојки | **1.500.000** | | | |
| 67 | Набавка и монтажа на клупи | **1.500.000** | | | |
| 68 | Набавка и монтажа на кошнички за отпадоци | **300.000** | | | |
| 69 | Набавка и поставување на жардињери за цвеќе | **100.000** | | | |
| 70 | Набавка и поставување на пепелници | **200.000** | | | |

## ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ

| | ОПИС | Предвидено | Извршено 01.01.2015 31.03.2015 | Извршено 01.04.2015 30.06.2015 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|
| 71 | Партерно уредување на коритото на ре Грашница од Б.Тур. до Железничка и коритото на реката на ул.Аџи Мустафа до раскрсница со Б.Туристичка | **3.000.000** | | | |
| 72 | Партерно уредување на голем плоштад | **500.000** | | | |
| 73 | Изградба на мал плоштад Горна Порта | **500.000** | | | |
| 74 | Изградба на плоштад Мини Маркет<br>• Изработка на парк Мини Маркет (тампонски дел)<br>• Фонтана Мини Маркет ( бетонски дел)<br>• Изведба на парк опфат Мини Маркет | **1.500.000** | Во тек на изградба | 586.000<br>409.519<br>488.129 | 98,9 % |
| 75 | Изградба на мал плоштад на ул.„Даме Груев“ Карабегомала | **500.000** | | | |
| | | | | | |

## ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИ И ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА

| | ОПИС | Предвидено | Извршено 01.01.2015 31.03.2015 | Извршено 01.04.2015 30.06.2015 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|
| 76 | Реконструкција на спортско игралиште с.Лескоец | **1.500.000** | | | |
| 77 | Изградба на детско игралиште УЗ Кошишта | **500.000** | | | |
| 78 | Изградба на детско игралиште с.Косел | **500.000** | | | |
| 79 | Реконструкција на детско игралиште УЗ Видовишта | **500.000** | | | |
| 80 | Изградба на детско игралиште с.Велгошти | **500.000** | | | |
| 81 | Изградба на детско игралиште с.Подмоље | **500.000** | | 182.835 | 36,6 % |
| 82 | Изградба на детско игралиште с.Трпејца | **500.000** | | 425.012 | 85 % |
| 83 | Изградба на детско игралиште с.Г.Лакочереј | **500.000** | | | |
| 84 | Изградба на детско игралиште во УЗ Гоце Делчев | **500.000** | | | |
| 85 | Изградба на детско игралиште во рамките на училиштето | **500.000** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Братство | | | | |
| 86 | Изградба на детско игралиште ул.Ванчо Питошески | **500.000** | | | |
| 87 | Изградба на детско игралиште во рамките на училиштето Св.Климент | **500.000** | | | |
| 88 | Изградба на детско игралиште во рамките на училиштето во с.Елшани | **500.000** | | | |
| 89 | Изградба на детско игралиште н.Св.Стефан | **500.000** | | | |
| 90 | Изградба на игралиште на потегот кон црквата с. Коњско | **500.000** | | | |
| 91 | Уредување и одржавање на детски игралишта<br>• изведба и уредување на детско игралиште нас. Лескајца<br>• изградба на игралиште за одбојка на песок во населба Воска | **2.000.000** | 408.009 | 440.772<br>168.309 | 50,8 % |
| 92 | Користење на градежни машини и друга опрема | **1.200.000** | | | |
| 93 | Вршење на стручен надзор на изградба и реконструкција на објекти | **1.000.000** | | | |
| 94 | Реконструкција на капацитети за водоснабдување | **1.078.000** | | | |
| 95 | Стручна ревизија на проекти | **500.000** | | | |
| 96. | Изградба и реконструкција на паркови и пешачки патеки | **2.000.000** | | | |

***Од причина што се работи за развојна програма за период 2015-2017 година тековната 2015 година издвоени се сретства***

| ОПИС | Предвидено | Извршено 01.01.2015 31.03.2015 | **Извршено 01.04.2015 30.06.2015** | Процент % |
|---|---|---|---|---|
| **Од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2015 година ќе се издвојат средства ВКУПНО** | **55.778.000** | **3.210.561** | **7.698.201** | **19,6 %** |

Од вкупно предвидените средства **55.778.000** денари, за реализација на ***Програмата ФА – Уредување на градежно земјиште*** потрошени се вкупно **37.517.121** денари.

Од вкупно потрошените средства **10.908.762** денари се потрошени за реализирани активности.

Останатиот дел се средства согласно книговодствената евиденција износот од **26.608.359** денари се стари долгови од претходните години.

Во периодот од 01.01.2015 до 30.06.2015 година -процентот на реализација на оваа **Програмата ФА** - ***Уредување на градежно земјиште*** изнесува 67 , 26 % .

**Број 08-11715/31-1**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2015 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата други комунални услуги за 2015 година за периодот од 01.01. - 30.06.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/32**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2015 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата други комунални услуги за 2015 година за периодот од 01.01. до 30.06.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/32**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ОД 01.01.2015 ДО 30.06.2015**
**ПРОГРАМА J8**
**Програма други комунални услуги за 2015 година**

Во рамки на програмата Ј8, која ги опфаќа така наречените други комунални услуги, влегуваат сите дополнителни активности на Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици кои не се опфатени со другите програми и со програмите на јавните претпријатија.

Степенот на потребите на граѓаните и тековната ситуација на терен ја диктираат динамиката и интензитетот на реализација на оваа програма.

Програмата Ј8 опфаќа:

- Чистење на реки и сливници;
- Чистење на речни корита и попречни канали;
- Регулација на реки и речни корита;
- Чистење на канали и диви депонии;
- Изнајмување на мобилни тоалети;
- Новогодишно украсување;
- Дезинфекција, дезинсекција и дератизација

| | **ОПИС** | **Предвидено** | **Извршено 01.01.2015 31.03.2015** | **Извршено 01.04.2015 30.06.2015** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Река „Даљан“**<br>- чистење на река „Даљан“ од вливот во Охридско Езеро и попречните канали према Охрид | **180.000** | 45 300 | | 25, 2% |
| 2 | **Река „Коселска“-**<br>чистење на речното корито од КО Косел возводно до КО Орман и ги опфаќа од површините во КО Горно и Дол Лакочереј | **170.000** | 37.633 | | 22,1 % |
| 3 | **Река „Вапилица“-**<br>Чистење и регулирање на речното корито во КО Вапила на м.в. Топли дол и тоа на потегот од асфалтната база на АД „Маврово“ до КО Вапила и над асфалтна база. | **170.000** | | | |
| 4 | **Летничка река -**<br>Чистење на речното корито на Летничка Река и тоа од самиот почеток КО Велгошти низ н.15/ти Корпус до вливот во Охридско езеро | **150.000** | | | |
| 5 | **Порој „Рача“ -**<br>чистење на речното корито | **150.000** | | | |
| 6 | **Скребатска река –**<br>чистење и регулација на речното корито од КО Лескоец со посебен преглед и зафаќање на просторот под фабриката ЕМО заради заштита на земјоделски површини од Косел и Лакочереј | **180.000** | 44.300 | | 24,6% |
| 7 | **Река „Черова“-**<br>чистење и регулација на река Черова во КО Љубаништа | **150.000** | | | |
| 8 | **Чистење на канали и диви депонии** | **500.000** | 20.600 | 103.100 | 24,7 % |
| 9 | **Река „ Сушица“ –**<br>чистење на каналот | **50.000** | 37.860 | | 75,7 % |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | **Чистење на корито на река Србница** | **100.000** | | | |
| 11 | **Новогодишно украсување**<br>• Набавка на новогодиш украси<br>• Новогодишно украсување<br>• Украсување ( со помош корпа)<br>• украс Самоилова – на влез Охрид | **1.120.000** | 433.402<br>443.444<br>109.857 | 5.900 | 88,6 % |
| 12 | **Изнајмување на мобилни тоалети** | **150.000** | | | |
| 13 | **Дезинфекција,дезинсекција дератизација** | **1.300.000** | | | |
| | | | | | |

**Реализирана програма за други комунални услуги за 2015 година**

| | **Опис** | **Предвидено** | **Извршено 01.01.2015 31.03.2015** | **Извршено 01.04.2015 30.06.2015** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Реализирана програма Други комунални услуги 2015 год** | **4.370.000** | **1.172.396** | **109.000** | |

Од вкупно предвидените средства **4.370.000** денари, за реализација на **Програмата Ј8 Други комунални услуги** потрошени се вкупно **2.731.395** денари.

Од вкупно потрошените средства **1.281.396** денари се потрошени за реализирани активности.

Останатиот дел се средства согласно книговодствената евиденција износот од **1.449.999** денари се стари долгови од претходните години.

Во периодот од 01.01.2015 до 30.06.2015 година -процентот на реализација на оваа **Програмата Ј8 – Други комунални услуги** , изнесува 62,5 % .

**Број 08-11715/32-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/33** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ***

за периодот од 01.01.2015 до 30.06.2015 година

Квалитетот на извршувањето на обврските и целосно одговарање на предизвиците кои стојат пред локалната самоуправа во однос на решавањето на проблемите и потребите на граѓаните, безусловно бара ефикасен процес на планирање и реализација на буџетот на локалната самоуправа.

Процесот на буџетирање е една од најважните активности на локалната самоуправа и една од најзначајните активности во задоволувањето на секојдневните потреби на граѓаните, поради што бара и директна вклученост на сите граѓани, здруженија и целокупната администрација во процесот на изготвување на буџетот како единствен годишен развоен документ. Како перманенетен процес буџетирањето започнува со изработка на годишен план, годишни и развојни програми и трае се до крајот на буџетската година кога годишните програми треба целосно или во голема мера да бидат исполнети додека остварувањето на развојните програми продолжува во другите буџетски години односно со другите буџетски процеси. Од начинот и квалитетот во спроведувањето на овие активности ќе зависи и квалитетот на живеење кој го овозможува соодветната локална самоуправа и задоволството на граѓаните од работата на локалната самоуправа. Битен момент кој придонесува за остварување на опишаните активности и дава реална шанса за спроведување на истите е спроведување на процес на децентрализација, процес кој во нашата земја започнува со законските реформи од 2005 година со кои реформи започна процесот на пренесување на

надлежности од централно на локално ниво. Крајниот ефект од овие промени треба да биде рефлектиран врз квалитетот на живеењето на сите граѓани во смисла подобрување во управувањето со финансиските текови на локално ниво, контрола на извршувањето на буџетот и поголема транспарентност во трошењето на буџетот.

Прв и најважен момент за развојот на демократските процеси, развој и поттик на локалната демократија, прва и основна алка за успешно спроведување на процесот на децентрализација е процесот на фискална децентрализација, процес од кој зависи остварувањето на сите други активности и процеси.

Почетокот на овој процес се судруваше со низа проблеми, системот на финансирање на ЕЛС во Македонија кој се карактеризираше со голема мера на централизам, требаше постепено да се ослободува и да се пренесува на локално ниво. Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа од 2004 година, процесот на фискална децентрализација се планираше да се одвива во две фази, а со цел воспоставување на механизам за финансирање на општините кој ќе биде транспарентен и заснован на објективни критеруми и мерила. Првата фаза ги опфати сите општини и се однесуваше на трансферот на надлежности и средства за нивно извршување од централно на локално ниво, а преминот во втората фаза беше условен со исполнување на повеќе критериуми, како обезбедување на кадровски капацитети во општините, добро финансиско работење, подмирени долгови и сл. Од денешна перспектива иако се поминати повеќе години од започнување на овој процес може да се истакне дека и покрај позитивни промени кои започнаа со овој процес и кои се спроведуваа во изминатите години, сепак се уште и денес, за процесот на фискална децентрализација во Македонија, може да зборуваме за висок степен на централизираност и можност за унапредување на овој процес. Локалните финансии и натаму се само дел од вкупните финансии односно дел од општиот буџетски процес. Ваквата ситуација во спроведувањето на овие процеси, пред се е одраз на недоволниот обем на ингеренции односно компетенции кои ги имаат локалните самоуправи согласно постојната законска регулатива.

Во поглед распределбата и извршувањето на функциите на различни нивоа на власт и најбитниот елемент финансирањето на тоа извршување, можни се два пристапа. Според првиот централизиран пристап, сите фискални приходи, се собираат и концентрираат на едно место односно во републичкиот, централен буџет, од кој пак подоцна во различен облик се финансира потрошувачката на пониските нивоа на власт преку различни форми на трансфери и донации. Вториот децентрализиран пристап е одраз на финансиска автономија на пониските нивоа на власт, како во процесот на прибирање на фискалните приходи, така и во процесот на потрошувачка. Во овој поглед предностите од фискалната децентрализација се како во развојот на демократските процеси на локално ниво, во подобрата перцепција за даночната способност на локалното население, така и во поглед на големината и структурата на потребите на тоа население. Во овој сегмент, фискалната димензија на децентрализацијата на власта опфаќа две прашања: првото, околу распределбата на приходите и расходите помеѓу двете нивоа на власт и второто, околу обемот на дискреција на локалните власти во определувањето на своите приходи и расходи.

Фискалниот капацитет на ЕЛС ја одразува способноста да се генерираат приходи за финансирање на јавните услуги кои се нудат на локалното население. Фискалниот капацитет дава слика за тоа колку приходи може да приберат општините со просечно фискално оптоварување на локалното население. Фискалниот капацитет на една општина не треба да се поистоветува со стварните приходи кои ги прибира општината. Фискалниот капацитет е едно, а даночниот напор, односно ангажираноста во прибирањето на фискалните приходи е друго, па поради тоа, малата наплата на даночните приходи не значи и слаб фискален капацитет, напротив тоа е резултат на недоволна ангажираност, нeекипираност, нестручност на

локалните служби во процесот на прибирање на овие приходи, а не слаб фискален капацитет. Генерално, фискалниот капацитет на ЕЛС е определен од даночната база со која располага самата ЕЛС, а даночната база пак од своја страна зависи како од површината која ја опфаќа самата општина, така и од густината и бројот на население што живее во рамките на таа општина, така и од нивото на економската активност во општината.

Фискалната децентрализација најчесто повлекува унапредување на економската ефикасност во обезбедувањето на јавните добра, и аналогно на тоа пониските нивоа на власт односно локалната власт може во најголема мера преку својот буџет да излезе во пресрет за задоволување на потребите на локалното население. Фискалната децентрализација, треба да овозможи реализација на проекти кои се во склад со локалните прилики и да овозможи алокација на средствата во оние сегменти каде што се најпотребни. Оваа децентрализација треба да биде поттик за локалните власти за поефикасно користење на средствата, со цел остварените заштеди да се употребат за други намени во склад со потребите на населението. Според некои истражувања, фискалната децентрализација влијае позитивно врз фискалната стабилност на една земја, а има и позитивен ефект врз стопанскиот раст.

Фискалната децентрализација и воопшто целиот процес на децентрализација е во тесна врска и со политичката слобода, намалената бирократија и помалку сложените процедури во остварувањето на потребите на населението. Друг момент, односно слабост во процесот на фискалната децентрализација, односно централизација во Македонија е тоа што се уште процесот на подготовка на локалниот буџет е во тесна врска со централниот буџет, а основните насоки за изработка на локалниот буџет и натаму ги дава министерството за финансии. Локалниот буџет се подготвува во иста процедура како републичкиот, локалниот е дел од централниот буџет, јавните приходи се на локално ниво, нивната наплата во најголем дел е повторно централизирана, при што поголем дел од приходите прво се уплаќаат во централниот буџет, а потоа врз одреден критериум се трансферираат на ЕЛС.

Една од идните активности во врска фискалната децентрализација е тоа што овој процес треба да биде зајакнат и да бидат направени одредени реформи во поглед системот на финансирање на општините, а во смисла на обезбедување позначајни и постабилни извори на приходи, што заедно со трансферите од централната власт ќе овозможат солидна буџетска основа и можност за унапредување на човековиот развој на локално ниво, како во делот на образованието, здравството, социјалната заштита така и во сите други сфери во надлежност на локалната самоуправа.Предностите од фискалната децентрализација најдобро ќе дојдат до израз со поголема вклученост на граѓаните, како и подобрување на координацијата помеѓу централната и локалната власт. Успешна децентрализација, вклучително и фискална е поверојатна доколку овој процес се спроведува постепено, во поодделни фази, без нагли и драстични промени, со нагласок на тоа дека процесот не треба да се одолговлекува до недоглед.

Смислата на процесот на децентрализација на власта како и фискалната децентрализација во Македонија треба да овозможи подобрување на квалитетот на животот на луѓето, што во крајна мера ќе биде показател во успешноста на спроведување на овој процес.Децентрализацијата како процес носи низа предности, но од друга страна децентрализацијата не треба да се сфати како решение на сите проблеми, т.е. таа носи со себе и низа ризици. Во процесот на децентрализација, поради низа технички и административни капацитети на локалните власти, овој процес може да тргне во поинаков правец и да доведе до влошување на нивото на понудата на јавните услуги, може да доведе до регионални нееднаквости поради различните капацитети на општините, можност да се јават големи разлики во понудата на јавните добра помеѓу побогатите и понеразвиените општини. Децентрализацијата, доколку не се воспоставаат механизами за контрола на трошоците на општините, може да доведе до сериозно загрозување како иднината на сопствената локална

самоуправа и интересите на локалното население, така и макроекономската стабилност на земјата.

Поради отсуство на вакви механизми на контрола во минатиот период, во ваква незавидна положба денес се наоѓа општина Охрид. Поради претходно споменатите опасности во спроведувањето на овој процес, потребно е носителите на политиките и носителите на процесот на децентрализација во спроведувањето на овој процес да бидат крајно внимателни. Притоа, за успешност на овој процес потребно е зајакнување на процесите во поглед отстранување на регионалните разлики, зголемување на надлежностите на општините, јакнење на фискалниот капацитет на општините, продлабочување и подобрување на координацијата помеѓу локалната и централната власт.

Суштината на децентрализацијата е во тоа локалната власт да има овластување и одговорност за сопствено финансирање на локалните потреби на граѓаните. Тоа значи локалните власти да имаат целосна фискална автономија и можноста односно право, самостојно да ги утврдуваат и менуваат даночните стапки и даночната основица. Во моментов ова право во ограничен степен го имаат општините, но тоа е сосема недоволно. Доколку се погледнат неколкуте најбитни даноци кои се приход на општината, ќе се забележи степенот на ограниченост и нелогичност во нивното утврдување, рамките во кои се движи висината на овие даноци за кои одлука носи Советот на Општината, утврдувањето на данокот на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности и сл. Во ваква ситуација нормално дека општините ќе одат со максималните стапки, поради и онака ограничените приходи. Тука се поставува прашање, зошто се поставени тесни ограничувања и зошто општините не би имале поголема слобода во утврдувањето на висината на овие стапки од друга страна, што отвора можност за појава на конкуренција меѓу општините, што пак во поглед на спроведување на процесот, отвора дилема дали се работи за вистинска фискална децентрализација или едноставно се работи за префрлање на надлежноста за утврдување и наплата на овие даноци.

Општ заклучок од досегашното спроведување на процесот на фискална децентрализација е дека општините во Македонија се уште се многу далеку во споредба со фискалните односно финансиските можности и права на државата. Овде треба да се спомене отсуството на критериуми и јасна формула за распределба на средствата кои се добиваат од централниот буџет, а со кои ќе се одразуваат разликите помеѓу општините, непостоење на квалитетна методологија за намалување на разликите кои се јавуваат меѓу општините. Се уште зависноста на општините од централната власт се огромни, последните години дотациите во областа на образованието не го следат растот на цените на ресурсите, во неколку наврати беа и намалени поради што се јавува хроничен недостиг на средства за нормално извршување на овие активности.

Врз основа вршените согледувања и анализи на спроведувањето на процесот на децентрализација во изминатиот период, во следниот период фокус мора да се стави на засилување на фискалната децентрализација и тоа низ повеќе аспекти. Потребно е да се изработи и имплементира методологија за изедначување на финансиските капацитети на општините, да се обезбедат дополнителни средства за општините да ги воспостават потребните институции на локално ниво, да се ревидираат методологиите за распределба на блок дотациите и капиталните трансфери, да се олесни пристапот за кредитно задолжување на општините.

Како што може да се заклучи, од денешен аспект, и покрај придобивките од процесот на децентрализација, општините се уште се судруваат со низа недоследности во поглед на фискалната децентрализација и автономија и во ваква поставеност на системот на јавни финансии, може да се каже дека кај нас се уште може да зборуваме за еден вид централизирана децентрализација. Успешна фискална децентрализација, во периодот што

следи, е од суштинско значење за економскиот развој на Македонија, а спроведувањето на овој процес е од интерес и на централната и на локалната власт. Оттука, и двете, во заедничка спрега, треба да придонесат и да создадат услови фискалната децентрализација, навистина да функционира. Централната власт треба да го препознае потенцијалот на процесот на децентрализацијата во насока на подобрување на ефикасноста и ефективноста во управувањето со јавните ресурси и да обезбеди стабилна макроекономска политика, а локалната власт пак треба да покаже дека е подобро позиционирана од централната власт за раководење со јавните приходи и расходи во склад со локалните потреби.

Согласно законските прописи, пишаните процедури и напатствија од МФ,општина Охрид на седница одржана на ден 30.12.2014 година со Одлука бр.07-4189/29 го утврди буџетот на општината за 2015 година на износ од 913.900.000,оо денари. Со Одлука бр.08-3526/29 од 13.03.2015 за измена на распоредот на средствата во буџетот на општината за 2015 година беше извршена прераспределба на средства во програмата А0- Совет на општина и програма Е0- Општинска администрација во делот од персоналниот данок на надоместоци согласно измените во законот за исплата на придонеси на надоместоци и хонорари, но нивото на буџетот остана на претходно утврдениот износ. Со Одлука за изменување и дополнување на буџетот на единицата на локалната самоуправа општина Охрид бр. 08-6405/15 од 12.05.2015 год. нивото на буџетот на општина Охрид за 2015 година, беше утврдено на 958.000.00,оо денари. Ваквото зголемување во најголема мерка се однесува на зголемување на приходите од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Македонија за изградба на автобуска станица, изградба на старечки дом и продажба на градежно земјиште сопственост на РМ во областа Канео.

**Приходи**

Согласно Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите, општините остваруваат приходи од следните извори:

- сопствени извори на приходи, кои се остваруваат врз основа на наплатата на локални даноци, такси, надоместоци приходи по основ сопственост;
- приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите, како средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери;
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ на донации, кои се остваруваат врз база на изработени и одобрени проекти од разни меѓународни институции и фондови;
- приходи по основ на блок дотации за буџетските корисници од областа на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ППЕ.

Процесот на буџетирање, содржината и програмите на буџетот се усогласени со унифициран начин на подготвување и изработување на буџетот, утврден од Министерството за финансии, при што буџетот на општината го сочинуваат, општ и посебен дел. Во општиот дел, содржани се следните елементи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно оперативни расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;
- приходи и расходи за развојните програми.

Посебниот дел на буџетот исто така во унифицирана форма ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите групирани во посебни програми.

Најголем дел од планираните приходи во буџетот на општина Охрид за 2015 година на износ од 436.950.874,оо денари се однесува на приходите кои според изворот на

настанување се приходи кои општината ги остварува од редовното работење и приходи утврдени согласно закон. Структурално планираните приходи, износ од 436.950.874,оо денари се планирани на следниот начин:

- Даночни приходи .......................................... 310.690.236,оо
- Неданочни приходи ...................................... 14.900.000,оо
- Капитални приходи ....................................... 58.500.000,оо
- Трансфери и донации .................................... 52.860.638,оо

По основ на трансфери од државниот буџет во вкупно утврдените приходи во буџетот за 2015 година за пренесените надлежности од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита планиран е износ од 366.195.402,оо денари од кои 357.213.402,оо денари се блок дотации за делот од образованието и детската заштита додека износ од 8.982.000,оо ден. се наменска дотација за финансирање на ТППЕ. Во наредниот дел од буџетот се прикажани средствата по основ на самофинансирачки активности а согласно пренесените надлежности, приходи кои буџетските корисници ги остваруваат од сопственото работење и се утврдени на износ од 21.600.000,оо денари. Врз база на апликации пред меѓународни институции а по основ донации, во буџетот се предвидени средства во износ од 6.200.000,оо денари. Остварувањето на овие приходи е условен од ангажманот на стручните служби и соодветните сектори и степенот на реализација на проекти доставени пред домашни и меѓународни институции.

Во буџетот на општина Охрид предвидени се и 127.053.724,оо денари, по основ на задолжување преку Министерството за финансии а за средства од Светска банка, врз основа на претходно изработени проекти за делот за изградба на инфраструктурни објекти. Согласно остварените приходи и извршените расходи а согласно податоците од единствената сметководствена евиденција, со вториот квартал општината има остварено вкупен приход од 434.682.782,оо денари или процентуално изразено 45,37 % од вкупно планираните приходи по сите основи.

Со оглед дека активностите во однос на кредитното задолжување се во тек а имајќи во вид за каков тип на приходи се работи и фактот дека се работи за етапно повлекување на средствата, сакаме да потенцираме дека сегашниот степен на остварување на овој тип на приходи за очекување е дека значително ќе биде зголемен во наредниот период до крајот на буџетската година. Согласно единствената сметководствена евиденција остварувањето на овој вид на приходи заклучно со вториот квартал изнесува 6,89 % а имајќи го во предвид фактот дека планираните средства од овој вид учествуваат со високи 13,26 %, логично е и остварувањето од 45,37 % на вкупниот буџет. Имајќи го во предвид остварувањето на буџетот во вториот квартал, интенција е до крајот на буџетската 2015 година да се ангажираат сите општински потенцијали во насока на подобрување на степенот на остварување на приходите посебно кај оној тип на приходи каде што согласно сметководствената евиденција истото не е на задоволително ниво.

Структурата на остварените приходи по основ на извори дадена е во следната табела

***Табела 1***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2015** | **Остварено во втор квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **366.195.402** | **187.198.091** | **51,12** |
| **Самофинансирачки приходи** | **21.600.000** | **8.375.307** | **38,77** |
| **Даночни приходи** | **310.690.236** | **136.690.095** | **43,99** |
| **Неданочни приходи** | **14.900.000** | **8.932.230** | **59,95** |
| **Капитални приходи** | **58.500.000** | **60.812.097** | **103,95** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Приходи од донации** | **6.200.000** | **363.889** | **5,87** |
| **Трансфери и донации** | **52.860.638** | **23.556.806** | **44,56** |
| **Кредити** | **127.053.724** | **8.754.267** | **6,89** |
| ***Вкупно*** | ***958.000.000*** | ***434.682.782*** | ***45,37*** |

Податоците дадени во табела 1 ја потврдуваат претходната констатација и од истата забележливо е отстапување во степенот на реализација, кај приходите по основ донации и по основ кредити. За приходите по овие два основи мора да истакнеме дека согласно активностите на терен и информациите кои ги добиваме од стручните служби за очекување е дека овие проценти и степен на реализација кај овие приходи во наредниот период да претрпат значителни промени во нагорна линија. Графички приказ на проектираните и остварените приходи поодделно по категории приходи следи:

***Графикон бр.1***




***Графикон бр.2***




***Напомена:*** Прикажаното остварување во графиконот бр.2 се однесува на процентуално учество на поединечните приходи во однос на вкупно остварени приходи а не во однос на планираните приходи во буџетот, поради што се појавува разлика во процентите помеѓу табеларниот и графичкиот приказ.

Средствата по основ на самофинансирачки активности се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на основните, средните училишта и

детските градинки. Овие приходи во опфатениот период се остваруваат со одредено отстапување од идеалниот процент а она што е забележливо е дека иако во првиот квартал остварувањето на овие приходи било повисоко за неколку процентни поени од идеалното остварување за тој период, во вториот квартал значително е опаднат процентот на оставрување на вој вид на приходи поради што се јавува потреба стручната служба да изврши ревидирање на овој вид приходи и изврши согледување на што се должи ваквиот степен на остварување на овие приходи во вториот квартал.

Приходите по основ на блок односно наменски дотации, согласно утврдените проекции и динамиката на остварување а имајќи ги во вид и досегашните историски податоци и видот и изворот на овие приходи се во рамките на планираното а за очекување е дека истите и во оваа буџетска година во целост ќе бидат реализирани.

Согласно востановената практика за прикажување на споредбени показатели во табелата подолу дадени се остварувањата на приходите за истиот период во буџетската 2014 година.

***Табела 2***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2014** | **Остварено во втор квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **358.839.000** | **183.181.902** | **51,05** |
| **Самофинансирачки приходи** | **25.000.000** | **12.205.783** | **48,82** |
| **Даночни приходи** | **348.688.809** | **100.577.673** | **28,85** |
| **Неданочни приходи** | **12.700.000** | **8.907.806** | **70,14** |
| **Капитални приходи** | **18.600.000** | **6.065.754** | **32,61** |
| **Приходи од донации** | **1.456.411** | **1.456.411** | **100,00** |
| **Трансфери и донации** | **76.472.191** | **25.642.054** | **33,53** |
| **Кредити** | **120.000.000** | **/** | **/** |
| ***Вкупно*** | ***961.756.411*** | ***338.037.383*** | ***35,15*** |

Споредбено 2015 год. во однос на 2014 год. за вториот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет) во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2015 год. 229.991.228,оо денари
- остварување во 2014 год. 141.193.287,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2015 год. е за 62,89 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2014 година.

Споредбено 2015 год. во однос на 2014 год. за вториот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2015 год. 434.682.782,оо денари
-остварување во 2014 год. 338.037.383,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2015 год. е за 28,59 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2014 година. Графички приказ споредбено проектирано и остварено 2015 и 2014 год. дадено е во следниот графикон.

***Графикон бр.3***




Остварувањето на буџетот кумулативно на синтетички конта согласно актуелните законски решенија, се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 во кој кумулативно се прикажани планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 30.06.2015 година.

**Расходи**

Расходите на буџетот, според корисници и намени, се групирани во соодветни програми, а најчесто застапени и користени програми во процесот на буџетирање на локалната самоуправа се следните:

- Совет на општина, која ги содржи и опфаќа активностите и расходите поврзани со работата на општинскиот совет;
- Градоначалник, во која се искажани потребните расходи за функционирање на институцијата градоначалник;
- Месна самоуправа, во која програма се предвидуваат средства за поддршка на месните, односно урбаните заедници;
- Општинска администрација, ги содржи расходите неопходни за функционирање на општинската адинистрација во делот на режиските трошоци како и други трошоци неопходни за функционирање на општинските служби;

Следни на листата се програмите во кои се зацртани разни активности и проекти од значење за развојот на општината, а се однесуваат на разни инфраструктурни активности:

- *Урбанистичко планирање,* програма која е од особено значење за развојот на локалната самоуправа од аспект што планирањето на просторот од секогаш било едно од основните и најважни активности и надлежности на локалната власт, а во смисла дефинирање на просторот за живеење и функционирање на одредена група на луѓе, преку генералните и деталните урбанистички планови;

- *Уредување на градежно земјиште.* Оваа програма исто така е од витално значење за граѓаните од аспект на инфраструктурни решенија за непречено одвивање на секојдневните активности на населението и решавањето на основните човекови потреби од овој вид како изградба на пристапни улици, водовод, обезбедување со електрична енергија и сл.;

- *Поддршка на локалниот економски развој.* Со почеток на спроведувањето на процесот на децентрализација во Македонија, за првпат општините добија надлежност да се грижат за локалниот економски развој. Една од активностите кои треба да имаат централно место во активностите на општините од овој вид е поддршката на развојот на малите и средните претпријатија и поттикнување на претприемништвото. Оваа надлежност на локалната самоуправа, како релативно нова, неопходно побарува голема инвентивност и креативност од локалните власти, кои ќе се во согласност со нивните стратешки планови и документи и ќе помогне во изнаоѓање на форми и мерки за поддршка на развојот на овие претпријатија, за што секако потребна е и одредена координираност и корелација со централната власт;

- *Поттикнување и развој на туризмот.* Имајќи ги во предвид природните богатства и капацитети кои ги поседува нашата општина и заложбите за промоција на градот како привлечна туристичка дестинација, една од главните активности и програми во планирањето на буџетот треба да биде токму оваа;

- *Проекти за енергетска ефикасност.* Имајќи ги во предвид измени во Законот за енергетика и задолжителноста во спроведување на одредбите од овој закон, имајќи ја во вид се поголемата ограниченост на обновливите ресурси, оваа програма и активностите од овој вид повеќе од сигурно е дека во наредните години ќе завземаат се позначајно место во планирањето на буџетите на локалните самоуправи;

- *Изградба и одржување на јавно осветление,* како програма предвидена во буџетот на општина Охрид служи за реализација на активности од оваа сфера, подобрување на постојната мрежа, како и изградба на нови мрежи низ општината во оние делови каде што нема или има во недоволен обем. Во врска со овие активности во соодветна законска постапка преку ЈПП избран е партнер кој треба да изврши модернизација, проширување и одржување на системот за јавно осветлување на општина Охрид;

- *Јавна чистота.* Друг сегмент, кој не е помалку значаен од економскиот развој е и заштитата и зачувувањето на животната средина. Локалната самоуправа несомнено во овој правец превзема голем број на активности и мерки за спроведување на оваа надлежност;

- *Изградба, одржување и заштита на локални улици и патишта*, согласно позитивните законски програми оваа програма ги опфаќа активностите за изградба на нови улици и патишта кои се во надлежност на локалната самоуправа, одржување на постојните улици и патишта, вклучително и зимското одржување. Од аспект на непречено одвивање на целокупната комуникација во границите на општината, оваа програма и активностите предвидени во истата се итоа како битни од повеќе аспекти и не случајно оваа програма според својот опфат во буџетот е една од поголемите и пообемни програми. За активностите од оваа програма покрај предвидените средства од основниот буџет, предвидени се и средства од кредитно задолжување преку МФ а за средства од светска банка;

- *Изградба на сообраќајна сигнализација,* како програма е во тесна врска со претходната програма и во своите активности ги опфаќа работите за поставување хоризонтална и вертикална сигнализација на улиците и патиштата во надлежност на општината а во насока на безбедно одвивање на сообраќајот, правилно информирање и заштита на сите учесници во сообраќајот;

- *Изградба на сиситеми за водоснабдување,* програма која како развојна програма опфаќа активности за изградба и реконструкција на водоводни мрежи на територија на општина Охрид, програма која исто така е од големо значење за квалитетот на живеењето на граѓаните;

- *Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води,* програма која ги опфаќа активностите за изградба и реконструкција на капацитети за одведување и пречистување на отпадни води, активности кои покрај тоа што директно влијаат на квалитетот на животот на граѓаните исто така имаат значаен ефект за заштита на животната средина;

- *Социјална заштита,*оваа програма опфаќа друг значаен момент кој треба да се опфати со стратешките прииритети на општината, планирани активности кои во континуитет ќе опфатат социјална заштита на населението и заштитата на децата. Овие активности исто така треба да бидат усогласени со националната програма за развој на социјалната заптита и опфаќа повеќе сегменти како заштита на децата, социјална грижа за инвалидизирани лица и лица со специјални потреби, грижа за стари лица и сл. Како релативно нова надлежност на локалната самоуправа во овој дел многу се прави но исто така има уште многу работи кои треба да бидат осмислени и реализирани, во согласност со надлежностите и финансискиот капацитет на општината;

- *Спорт и рекреација,* активностите опфатени во оваа програма се значаен сегмент и дел кој дава придонес во развојот на здрави поколенија и начин на кој младите треба да се отргнат од пороците на денешницата. Со сегашната поставеност на системот спортот на локално ниво е целосно надвор од финансирањето на централната власт и тој е оставен на локалните самоуправи, кои во рамките на своите можности го потпомагаат. Субвенционирањето на активностите од овој тип се предвидени во буџетот на општината токму во оваа програма;

- *Образование и култура,* за значењето на оваа програма не треба многу да се зборува и оттука планираните активности и инвестиции во оваа програма се доста значајни итоа на долг рок. Науката и продукцијата на стручни, образовани и обучени кадри е она што ја влече економијата во прогрес, тоа е иднината на секое општество тоа е влечната сила за напредок и развој на општеството. Активностите во оваа програма се остваруваат како преку блок дотации, така и со сопствени средства од буџетот на општината. Поради сето претходно кажано итоа како е значајно вложувањето во овој процес со цел унапредување и развој на образовниот процес;

- *Противпожарна заштита,* во оваа програма се опфатени расходите за територијалната против пожарна единица, како во делот за покривање на режиските трошоци така и во делот за набавка на потребните ресурси за непречено извршување на законските надлежности и обврски на оваа институција.

Секоја од овие програми е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите утврдена од Министерството за финансии. Покрај овие програми, кои најчесто се јавуваат при креирањето на локалните буџети, постои можност, доколку се јави потреба, во соодветна процедура да бидат креирани и нови програми, кои ќе бидат во согласност со извршувањето на надлежностите на некоја локална самоуправа. При планирањето на активностите и програмите во буџетот важен момент е утврдувањето на расходите како и нивната структура. Структурата на расходите покрај законски утврдените надлежности на општината произлегува и е зависна и од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со нив. Структурата на расходите генерално се разликува во зависност од тоа, дали се разгледува вкупниот или основниот буџет, но во основа, генерален заклучок е дека капиталните расходи, во најзначителен дел се реализираат и финансираат од сопствени средства.

Остварувањето, висината, како и динамиката на вкупните расходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата поодделно по програми заклучно со 30.06.2015 како и процентот на остварување. Расходите поодделно по структура и програми прикажани се во следната табела:

***Табела 3***

| | *Програм* | *Планирано* | *Остварено* | *%* |
|---|---|---|---|---|
| Ао | Совет на општина | 15,690,000 | 7,147,013 | 45.55 |
| До | Градоначалник | 3,827,000 | 2,173,652 | 56.80 |
| Ео | Општинска администрација | 136,236,474 | 59,853,025 | 43.93 |
| Ф1 | Урбанистичко планирање | 4,000,000 | 2,634,138 | 65.85 |
| ФА | Уредување на градежно земјиште | 55,778,000 | 37,517,121 | 67.26 |
| Г1 | Подршка на ЛЕР | 2,613,500 | 660,014 | 25.25 |
| Г2 | Потт. на развојот на туризмот | 12,650,000 | 2,214,387 | 17.51 |
| ГД | Проекти за енергетска ефикасност | 500,000 | / | / |
| Ј3 | Јавно осветление | 43,000,000 | 25,703,675 | 59.78 |
| Ј4 | Јавна чистота | 11,000,000 | 5,367,658 | 48.80 |
| Ј6 | Оддржување и зашт.на пат.и улици | 3,000,000 | 2,015,606 | 67.19 |
| Ј7 | Оддрж. и корист. на парк. и зеленило | 7,700,000 | 4,460,670 | 57.93 |
| Ј8 | Други комунални услуги | 4,370,000 | 2,731,395 | 62.50 |
| ЈД | Изгр.и реконс.на патишта и улици | 33,500,000 | 19,442,083 | 58.04 |
| ЈФ | Изград.на сообр. сигнализација | 4,800,000 | 2,380,360 | 49.59 |
| ЈГ | Изград.на системи за водоснабдув. | 10,400,000 | 9,857,849 | 94.79 |
| ЈИ | Сист. за одвед.и преч.отпад.води | 12,000,000 | 6,606,286 | 55.05 |
| К4 | Култ.манифестации и творештво | 4,816,000 | 1,829,421 | 37.99 |
| Ло | Спорт и рекреација | 12,500,000 | 5,872,283 | 46.98 |
| Н1 | Основно образование | 26,511,400 | 19,228,073 | 72.53 |
| Н2 | Средно образование | 9,092,500 | 5,890,373 | 64.78 |
| Р1 | Заштита на животна средина | 1,000,000 | 105,020 | 10.50 |
| В1 | Детски градинки | 5,000,000 | 2,565,210 | 51.30 |
| Њо | Противпожарна заштита | 16,966,000 | 6,597,065 | 38.88 |
| | ***Вкупно*** | ***436,950,874*** | ***232,852,377*** | ***53.29*** |

Податоците прикажани во табела 3 согласно програмските активности се реален приказ на моменталната состојба на општина Охрид и се во согласност со финансиските капацитети на општината.

Планираните активности во делот од образованието, како во делот од блок дотациите, така и во делот од самофинансирачките активности во голема мера зависи од менаџирањето на одговорните лица на соодветните правни субјекти и зависи исклучиво од нивните менаџерски способности, истите ќе бидат прикажани во поединечните извештаи кај соодветните буџетски корисници поодделно.

Податоците прикажани во овој извештај за остварувањето на програмите и зацртаните активности за буџетската 2015 година ги исцртуваат контурите на буџетската реализација односно остварувањето на буџетските планови и програми за овој период. Она што треба да се има предвид во овој извештај тоа е периодот кој е опфатен со него, остварувањето од 45,37 % на вкупниот буџет е нешто под идеалниот процент но сепак овој процент е сосема задоволителен, а посебно радува фактот што основниот буџет каде што општината има најголеми ингеренции и е најодговорна за начинот и висината на прибирање на овие тнр изворни приходи е со остварување од преку 50 %. Имајќи ги во предвид активностите кои моментално се одвиваат на територијата на општината за очекување е наредниот период да повлече и начајни раздвижувања како во остварувањето на програмските активностите на терен така и на финансискиот дел во буџетот, како во приходната така и во расходната страна во буџетот, што секако ќе има влијание врз показателите за наредниот квартал. Како стручна служба имајќи ги во предвид досегашните резултати а анализирајќи ги и историските податоци од овој вид може да кажеме дека остварувањето на буџетот е солидно, на задоволително ниво, што од друга страна треба да даде поттик за дополнително ангажирање на раководството и стручните служби за унапредување и подобрување во оние сегменти од работењето каде што има позабележливи отстапувања од планираното или она што во тој сегмент би требало да биде успешно работење.

**Број 08-11715/33-1**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.01. до 30.06.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/34**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.01. до 30.06.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/34**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**

**За состојбата во областа на јавна безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата**

**Јули 2015 год. О х р и д**

О П Ш Т И  С О С Т О Ј Б И  И  У С Л О В И

**Полициската станица од општа надлежност -Охрид** во изминатиот **шест месечен период** (првата половина на 2015 година)својата законска функција ја извршуваше во согласност со позитивните законски прописи во насока на создавање и одржување поволна безбедносна состојба на подрачјето на Охрид .

Ангажманот беше насочен кон остварување на човековите права и слободи, заштитата на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, откривачката функција, спречувањето и откривањето на кривични дела и.т.н., заштита на јавниот ред и мир и поредокот, а целокупните активности се преземаа согласно определените и приоритетните цели во корелација со останатите организациони единици во СВР-Охрид, односно МВР на РМ.

Динамиката и појавата на нови облици и форми на криминалитетот како и појавата на нови извршители на кривични дела, туристичката сезона, зголеменото обезбедување на објекти и личности, културни манифестации и спортски натпревари беа главни индикатори во извршувањето на работите и работните задачи.

Индикатори кои влијаеа и го детерминираа извршувањето на функцијата на ПС ОН - Охрид во **првата половина на 2015 година:**

а) Моменталната безбедносна состојба во Република Македонија на политички, економски, безбедносен аспект и од аспект на севкупен општествен живот во земјата, ја детерминираат

безбедносната состојба на територијата на Општина Охрид, која може да се оцени како **поволна и стабилна** и покрај тоа што негативните општествени појави и настани во нашата земја, соседните држави и регионот имаат влијание и одраз на безбедносната состојба во Општина Охрид.

Во областа на ЈРМ и безбедноста на патниот сообраќај, не се регистрирани извршувања на потешки прекршоци или вршење на прекршоци во поголем обем, а не се регистрирани ни останати недозволени асоцијални однесувања. Лицата нарушители и лица склони кон нарушување на ЈРМ не манифестираат посебни активности.

На подрачјето на Општина Охрид, присутни се вообичаен број на странци во хотелите и во приватните сместувања, а од страна на присутните странци не се регистрирани безбедносно интересни појави.

ПС од ОН - Охрид согласно законските одредби ја остваруваше својата функција со максимално професионално ангажирање на своите работници и со почитување на законитоста при извршување на задачите. Во тој контекст за потенцирање е ангажираноста за :

а) Обезбедување на културни и верски манифестации ( новогодишни и божикни празници, Стара нова година- Василица, Богојавление – Водици Велигденски празници )

б) Обезбедување ракометни и фудбалски натпревари во спортско рекреативен центар „Билјанини Извори„ -Охрид

в) Обезбедување на делегација предводена од заменик директорот на одделот за воена аналитика на Р.Турција на СВБИР на МО на Р.Македонија

г) Обезбедување на Министерски состанок „ЦЕИ“ каде присуствуваа учесници од повеќе земји

д) Обезбедување на прослави на матурски вечери;

ѓ) Обезбедување на личности и објекти ( голем број посебни и вонредни обезбедувања);

е) Континуирани акциски контроли во угостителски објекти во содејство со други надлежни институции, како и контрола и акции во областа на сообраќајот.

**<u>Состојба за прекршоците и сторителите од областа на јавниот ред и мир на подрачјето на ПС од општа надлежност-Охрид за периодот од 01.01.2015 до 30.06.2015 година</u>**

Состојбата во областа на јавниот ред и мир за периодот од 01.01.2015 до 30.06.2015 година бележи зголемување на нарушувањата во однос на истиот период од минатата година, така што бележиме зголемување на бројот на регистрирани прекршоци, намалување на бројот на сторители и зголемување на бројот на барања за поведување на прекршочна постапка. Во анализираниот период на подрачјето на ПС од општа надлежност-Охрид, не е регистрирано нарушување на ЈРМ од поголем обем или со елементи на насилство.

**<u>Регистрирани прекршоци:</u>**

Од 01.01.2015 до 30.06.2015година

| | |
|---|---|
| Прекршоци | 144 |
| Сторители | 180 |
| Барања | 125 |
| Основен суд | 59 |
| Комисија | 66 |

Од 01.01.2014 до 30.06.2014година

| | |
|---|---|
| Прекршоци | 138 |
| Сторители | 185 |
| Барања | 121 |
| Основен суд | 61 |
| Комисија | 60 |

Состојбата на застапеност на прекршоците по видови, споредбено со истиот период од минатата година е следна:

| **01.01.2015 до 30.06.2015година** | **2015** | **2014** |
|---|---|---|
| Карање и викање (чл.4 ) | 16 | 12 |
| Фрлање или кршење на предмети (чл.5) | 7 | 2 |
| Оддавање на пијанство (чл.6) | 14 | 25 |
| Вознемирување на соседи (чл.7) | 2 | 2 |
| Гласна музика (чл.8) | 2 | 2 |
| Организирање борба меѓу животни (чл.9) | / | / |
| Навредување или вршење присилба спрема друг (чл.10) | 7 | 2 |
| Учество, предизвикување и поттикну-вање друг на тепачка (чл. 11) | 31 | 23 |
| Физички напад (чл.12) | 32 | 45 |
| Омаловажува државен орган (чл.13) | 3 | 4 |
| Постапува спротивно на наредба на државен орган или ОСЛ (чл.14) | 7 | 1 |
| Лажно пријавување (чл.16) | 2 | / |
| Изложување на подбив државни симболи на РМ (чл.18) | / | / |
| Уживање на наркотички дроги (чл.20) | 3 | 11 |
| Присуство на малолетни лица во угостителски објекти по 24 ч. (чл.21) | 1 | 2 |
| Лажно претставување (чл.23) | 1 | / |
| Питачење (чл.24) | / | 1 |
| Кој го ремети ЈРМ во заеднички простории (чл.26) | 2 | / |
| Кој без заштитни средства држи кучиња (чл.29) | 14 | 5 |
| Неовластено пукање од оружје (чл.31) | / | 1 |
| Не превземање мерки за одржување на ЈРМ (чл.33) | / | / |
| Занемарено грижење на дете чл.34) | / | / |

**<u>Место на извршување на прекршокот:</u>**

Од 01.01.2015 до 30.06.2015година

| | |
|---|---|
| Град | 136 |
| Село | 8 |
| Улица | 79 |
| Приватен стан | 10 |
| Угостителски објект | 24 |
| Други места | 31 |

Од 01.01.2014 до 30.06.2014година

| | |
|---|---|
| Град | 128 |
| Село | 10 |
| Улица | 76 |
| Приватен стан | 10 |
| Угостителски објект | 17 |
| Други места | 35 |

**<u>Сторителите најчесто прекршоците ги вршат:</u>**

| **Од 01.01. до 30.06**. | **2015 г** | **2014 г** |
|---|---|---|
| Поединечно | 112 | 97 |
| Здружени 2 лица | 17 | 29 |

| | | |
|---|---|---|
| Во група од 3 и повеќе лица | 15 | 12 |

**Возраст и пол на сторителите:**

| **Од 01.01. до 30.06.** | **2015 г** | **2014 г** |
|---|---|---|
| Мажи | 162 | 167 |
| Жени | 15 | 14 |
| Полнолетни | 168 | 167 |
| Малолетници | 9 | 14 |
| Повторници | 40 | 32 |

**Исходи**

Во однос на добиените исходи од Основен суд Охрид по поднесените барања за поведување на прекршочна постапка за сторените прекршоци од ЗППЈРМ , состојбата е следна :

- Глоба: **35**
-Опомена: **11**
- се запира : **2**
- стварно ненадлежен : /
- месно ненадлежен : 1
-се отфрла: **1**
-Платена глоба: **15**

**Причини кои што довеле до нарушувања на ЈРМ се:**

- должничко доверителни односи
- влошени брачни и семјни односи , влошени меѓучовечки односи
- употреба на алкохол
- прекршоци во сообраќајот кои прераснале во нарушен ЈРМ
- нетолеранција и недолично однесување кое довело до нарушен ЈРМ
- влошени меѓучовечки односи и лична нетрпеливост.

**Пријавени кривични дела**

| | **2015** | **2014** |
|---|---|---|
| Класичен криминалитет | 311 | 424 |
| Расветлени +познат | 193 | 239 |
| Нерасветлени | 118 | 185 |
| Поднесени кривични пријави | 150 | 163 |
| Пријавени лица | 176 | 192 |
| Полнолетни | 166 | 173 |
| Малолетни | 10 | 12 |
| Повторници | 92 | 94 |

**Преглед на пријавени и реализирани КД**

| | **01.01.2015** | **30.06.2015** | **01.01.2014** | **30.06.2014** |
|---|---|---|---|---|
| | Пријавени КД | Реализирани КД | Пријавени КД | Реализирани КД |
| Убиство во обид | / | / | 2 | 2 |
| Телесна повреда | 12 | 12 | 25 | 25 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| член130 став2 | | | | |
| Тешка Телесна повреда член 131 став 1и2 | 2 | 2 | 8 | 8 |
| Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница(член133) | / | / | 2 | 2 |
| Кражба | 74 | 40 | 81 | 45 |
| Тешка кражба | 152 | 70 | 150 | 74 |
| Разбојништво | 1 | 1 | 1 | / |
| Разбојничка кражба | / | / | 2 | 1 |
| Одземање МВ | 3 | 1 | 3 | 1 |
| Измама | 8 | 8 | 13 | 12 |
| Изнуда | 4 | 2 | 1 | 1 |
| Точење алкохолни пијалоци на дете | / | / | / | / |
| Фалсификување исправа | 1 | 1 | 1 | 1 |

Начинот на извршување на КД по куќи и станови е со кршење на буренце од брава, отварање на врата со подесен алат и други предмети и неутврден начин на отворање на блиндор врати.
Предмет на напад на криминалците е имот на граѓаните односно злато, пари , техничка роба и други вредни предмети.
Објект на напад се станови, куќи, колонијални продавници, училишта, цркви, и т.н.

**ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ**

| | **2015** | **2014** |
|---|---|---|
| Пријавени | 30 | 17 |
| Расветлени | 30 | 17 |
| Пријавени лица | 26 | 18 |
| Полнолетни | 26 | 18 |
| Повторници | / | |

Во овој период во областа на економскиот криминалитет поднесени се вкупно 18 кривични пријави.

**НТ СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ**

| | **2015** | **2014** |
|---|---|---|
| Пријавени | 32 | 29 |
| Расветлени | 32 | 29 |
| Пријавени лице | 36 | 27 |
| Повторници | 1 | |

Во овој период во оваа област поднесени се 29 кривична пријави

**ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**

| | **2015** | **2014** |
|---|---|---|
| Пријавени | 2 | 5 |
| Расветлени | 1 | 1 |
| Пријавени лица | 1 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| Полнолетни | 1 | 1 |
| повторници | | |

Во областа на организираниот криминал поднесена е 1 кривична пријава.

**<u>БЕЗБЕДНОСТ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ</u>**

Во периодот од 01.01.2015 до 30.06.2015 година, од страна на ПС за ПБС беа превземени плански мерки и активности на превентивен и репресивен план спрема возила и возачи со цел подобрување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

За состојбата во областа на сообраќајот во овој период ги изнесуваме следните статистички показатели:

**Вкупно пријавени сообраќајни незгоди:**

**2015** **2014**

126 142

**Сообраќајни незгоди со потешки последици:**

**2015** **2014**

41 63

**Загинати лица**

**2015** **2014**

01 04

**Повредени лица-вкупно:**

**2015** **2014**

61 77

**Тешко повредени лица:**

**2015** **2014**

16 14

**Лесно повредени лица:**

**2015** **2014**

45 63

**Вкупно регистрирани сообраќајни прекршоци:**

**2015** **2014**

804 1305

**Во анализираниот период бележиме:**

| | **2015** | **2014** |
|---|---|---|
| пријавени лица | 786 | 1278 |
| поднесени барања до суд | 531 | 858 |
| поднесени барања до комисија | 247 | 407 |

**Случени сообраќајни незгоди со потешки последици во населено место (град):**

| **2015** | **2014** |
|---|---|
| 27 | 40 |

**Случени сообраќајни незгоди со потешки последици надвор од населено место: според патни правци:**

| **2015** | **2014** |
|---|---|
| Охрид - Кичево - 06 | Охрид -Кичево - 09 |
| Охрид - Св.Наум - 02 | Охрид - Св.Наум -07 |
| Охрид - Ресен – 06 | Охрид - Ресен – 01 |
| Охрид - Струга - / | Охрид-Струга - 06 |

Како најчеста причина за случување на сообраќајните незгоди се јавува неприлагодена брзина према состојбата и условите на патот, односно факторот човек-возач, кој не ги почитува сообраќајните знаци, правила и прописи за однесување во сообраќајот.

Структурата на настрадани учесници во овој период е следна: сопатници -25(18), возачи –19(27) , моторциклисти –02 (03), пешаци –13 (17), велосипедисти –03(16) што укажува на фактот дека возачите на пмв се најзагрозена категорија на учесници во сообраќајот.

Исто така во овој период на 913(1171) лица – возачи регистрирани им се негативни поени во возачка книшка за сторените сообрачќајни прекршоци.

Во контекст на превземените превентивно репресивни мерки од сообраќај , исклучени се 253(424) возачи и 175(243) возила, времено се одземени 64(175) возачки дозволи , употребен е алкотест во 624(1375) случаи и 71(62) лица покажале знаци на алкохолизираност.

Исто така од страна на ПС за БПС изведени беа акциски контроли од кои 11 (38) локални и 19 (28) републички контроли по разни основи, односно: техничка неисправност на возилата, регистрирани возила, алкохол, брзина и т.н., со цел превентивно-репресивно да се делува врз возачите да се санкционираат сторителите на прекршоци, а од друга страна да се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

**КОМАНДИР на ПС од ОН-ОХРИД**
**Самостоен инспектор, Дејан Додевски**

**Број 08-11715/34-1**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ НА МЈП ПРОАКВА СТРУГА РЕ ВОДОВОД ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на финансискиот извештај на МЈП Проаква Струга РЕ Водовод Охрид за периодот од 01.01. - 30.06.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/35**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ НА МЈП ПРОАКВА СТРУГА РЕ ВОДОВОД ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** финансискиот извештај на МЈП Проаква струга Р.Е. Водовод Охрид за периодот од 01.01. - 30.06.2015 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-725/2 од 12.08.2015 година и Одлука на Надзорниот одбор бр.02-724/2 од 12.08.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/35**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ Охрид за периодот од 01.01. - 30.06.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/36**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ Охрид за периодот од 01.01. – 30.06.2015 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-1234/2 од 30.07.2015 година и Мислење на Надзорниот бр.02-1233/2 од 30.07.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски пазар Охрид за периодот од 01.01. - 30.06.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/37** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.01. - 30.06.2015 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-219/2 од 14.08.2015 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-218/3 од 14.08.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ – ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП„Охридски комуналец“ – Охрид за периодот од 01.01. - 30.06.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/38** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ – ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид за периодот од 01.01. - 30.06.2015 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-1398/3 од 04.08.2015 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-1397/3 од 04.08.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/38** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП„Градски гробишта“ Охрид за периодот од 01.01. - 30.06.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/39** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП„Градски Гробишта“ Охрид за периодот од 01.01. - 30.06.2015 година, усвоен со Заклучок на Управниот одбор бр.02-717/3 од 12.08.2015 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-716/3 од 12.08.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06. 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на ЈП„Билјанини Извори“ Охрид за периодот од 01.01. до 30.06. 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/40** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06. 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на ЈП„Билјанини Извори“ Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2015 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-863/2 од 04.08.2015 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-858/2 од 31.07.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 - 2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2015 - 2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/41** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 - 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените и дополнувањата на Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2015 - 2018 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/41** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**Г2 РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 -2018 ГОДИНА**

**Вовед**

Развојот на туризмот претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив развој. Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив развој на туризмот со одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на туризмот и воедно живот за сите во заедницата.

Со стратешкото планирање на развојот на туризмот на Општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз непосредното учество на сите релевантни фактори од сферата на туризмот, јавните институции, бизнис заедницата и граѓанското општество (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив развој на туризмот, и ќе овозможи подобрување на социо-економскиот и одржливиот фактор.

**Програмата за поттикнување на развојот на туризмот** се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на Единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на Стратегијата за Одржлив Развој на Туризмот на Општина Охрид, вклучени се програмите за работа и буџетското планирање на средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој , при што Секторот за Туризам и Локален Економски Развој, за буџетската 2015, 2016, 2017 и 2018 година ја предвидува програмата поврзана со буџетската ставка **Г2: Поттикнување на развојот на туризмот.**

**ОПФАТЕН ПЕРИОД ВО ПРОГРАМАТА:**

Во предог програмата опфатен е четиригодишен период со цел да бидат офатени активности кои по својот карактер не можат да се реализираат на годишно ниво.

Имено согласно донесената Одлука на Совет, финансирањето на одредна поддршка кон авио превозници ќе се финансира во период од 4 (четири) години во кои се распоредени средства во износ од **6.100.000,оо ден. за 2015, 12.200.000,оо за 2016, 12.200.000,оо ден. за 2017 и 6.100.000,оо ден. за 2018 год** или вкупно **36.600.000,оо ден.** за сите години.

Од вкупниот износ на средствата, за 2015-2018 во износ од **55.150.000,оо ден.** развојната програма за потикнување на туризмот на Општина Охрид за буџетската 2015 година ќе се реализира **12.650,000,оо денари**. Остатокот **од 42.500.000,оо денари** по својата поблиска намена ќе бидат дефинирани со буџетот за 2016, 2017 и 2018 година:

**Средства предвидени за 2016 година**

| | |
|---|---|
| Средства предвидени предвидени како приход од Таксата за привремен престој | 15.200.000,оо ден. |
| Буџетски приходи по други основи | 1.000.000,оо ден. |
| Вкупно | 16.200.000,оо ден. |

**Средства предвидени за 2017 година**

| | |
|---|---|
| Средства предвидени предвидени како приход од Таксата за привремен престој | 15.200.000,оо ден. |
| Буџетски приходи по други основи | 1.000.000,оо ден. |
| Вкупно | 16.200.000,оо ден. |

**Средства предвидени за 2018 година**

| | |
|---|---|
| Средства предвидени предвидени како приход од Таксата за привремен престој | 9.100.000,оо ден. |
| Буџетски приходи по други основи | 1.000.000,оо ден. |
| Вкупно | 10.100.000,оо ден. |

**Со ребалансот на буџетот за развојната програма бараме измена во вкупната сума која треба да биде:**

| **Одобрен буџет 2015-18** | **Ребаланс 2015-18** | **Одобрен буџет 2015** | **Ребаланс 2015** |
|---|---|---|---|
| **55.150.000,00 МКД** | **54.700.000,00 МКД** | **12.650.000,00 МКД** | **12.000.000,00** |

Измените кои се бараат со ребалансот за буџетот (намалување на вкупниот износ за 450.000,00 МКД) се однесуваат само за тековната 2015 година, и тоа по својата поблиска намена поставена по програмски активности ќе изгледа на следниов начин:

| Програмска активност | Одобрен буџет | Буџет за ребаланс |
|---|---|---|
| 2.1 Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми. | 60.000,00 | 50.000,00 |
| 2.2 Соработка со странски туроператори | 200.000,00 | 110.000,00 |
| 2.3 Презентација на меѓународни туристички берзи. | 300.000,00 | 250.000,00 |
| 2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи од алтернативните форми на туризам | 400.000,00 | 300.000,00 |
| **2.5.** Организација на “ЛЕТО 2015” | 600.000,00 | 400.000,00 |
| 3.1. Подготовка на проекти и проектно управување | 80.000,00 | 40.000,00 |
| 3.2 Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 120.000,00 | 110.000,00 |

**Извори на финансирање на програмата**
Програмата за 2015 година предвидува приходна ставка од **12.650.000,00 денари**:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој | 11.200.000,оо ден. |
| 2. | Буџетски приходи по други основи | 1.000.000,оо ден. |
| | **Вкупно** | **12.200.000,оо ден** |

**Предлог Програма за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за 2015 година**

Современите светски туристички текови покажуваат дека туризмот претставува еден од најзначајните развојни потенцијали на глобално ниво, при што се поголем број на луѓе во светот патуваат во туристичките дестинации задоволувајќи ги своите различни интереси. Општината и градот Охрид со својата географската положба, културно – историското наследство, Охридското Езеро, Националниот Парк “Галичица”, живописните рурални области, традиција и гостопримливост како конкурентни предности претставуваат основата за подготовката на развојните програми за туризмот. Особено се внимава на стратегијата за развој на туризмот, темелена на јакнење на понудата на целата територија на општината, конкурентноста и стандардите на квалитет на понудата и услугите.

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е насочена кон активности во различни сегменти во туристичката дејност со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратегијата за одржлив економски развој на Општина Охрид и усвоените приоритети:

I. Дефинирање на туристичкиот производ и понуда и нивна промоција и презентација,
II. Подобрување на квалитетот на постојната и изградба на нова инфраструктура,
III. Брендирање на Охрид како туристичка дестинација,
IV. Институционално јакнење и развој на човечки ресурси,

Општина Охрид преку Секторот ТЛЕР и Одделението за Туризам, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на поттикнување на развојот на туризмот за 2015 година, ја базира **“Г2 Програмата за поттикнување на развојот на туризмот за 2015 година“** која ке се реализира преку следните активности**:**

**1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**

Секторот ТЛЕР – Одд. за туризам во 2015 ќе продолжи со активностите за евиденција регистрација, категоризација, и продолжување на решенијата за категоризација што претставува основа за управувањето со туризмот, а истовремено е во согласност со првиот приоритет од стратегијата за развој на туризмот – односно дефинирање на туристичката понуда во сегментот на сместувачки капацитети од мал обем. Во рамките на управувањето со туризмот исто така ќе бидат опфатени информациите во електронски медиуми, состаноци со станоиздавачи и медиуми, организирање на прес конференции, изготвување на информативни флаери.

**Превиден Буџет 0 ден**

**1.2 Туристички информативни центри**

Со оглед на нефункционалноста на поставениот туристички информативен центар на претходно предвидената локација на Бул Туристичка на влез на Охрид, се предвидува негова дислокација во централното градско подрачје. Во неговата функција е предвидено и воспоставување на телефонска инфо линија за пријавување на неправилности и проблеми од обласга на туризмот во Охрид. Во овој

центар туристите ќе добиваат информации за сместување и други корисни информации поврзани со туристичката понуда на градот и календар на настани. Исто така во овој ТИЦ ќе се овозможи и користење на услугите на резервација на сместување за туристите, која е во склоп на туристичкото биро Лихнидос. Изградбата на овој објект е восклоп на проектот WATERNET, одобрен и финансиран од Програмата за прекугранична соработка со Грција во рамки на ИПА Програмата за Р Македонија.

**Превиден Буџет 600.000,00 ден**

**1.3 Одбележување (сигнализација) на туристичките места**

Со цел на потенцијалните посетители (туристи) да им се подобри пристапот и доаѓањето до туристичките, културните, историските и природните места, со оваа програмска активност се предвидени поставување на туристичка сигнализација (патокази, клупи и настрешници на видиковци), како и одбележување и уредување на полетно – слетни локации за параглајдери. Активноста е во склоп на проектот “Кон алтернативен Туризам“, во кој Општина Охрид учествува како партнер, со што целосното финансирање ќе биде обезбедено од страна на главниот апликант МРФ (Македонска Развојна Фондација за Претпријатија), во рамки на IPA CBC 2011.

**Превиден Буџет 0 ден**

**1.4 Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем**

Оваа програмска активност предвидува субвенционирање на регистрирани и категоризирани станоиздавачи од мал обем, кои согласно законските регулативи редовно ги подмируваат обврските за исплата на Туристичка Такса. Субвенционирањето би се реализирало на полугодишна основа, по евидентирање на уплатената туристичка такса од страна на приватниот станоиздавач, а во период од 6 месеци. На овој начин, приватните станоиздавачи би биле охрабрени за редовно и навремено плаќање на туристичката такса, со што се очекува зголемување на уплатата на туристичката такса, како и намалување на прикривањата на нејзина уплата, кои се евидентирани во изминатиот период од страна на инспекциските служби. Дополнителните анализи ќе ја утврдат висината на субвенцијата, како и останатите критериуми кои ќе треба да се исполнат за да може да се добијат субвенциите.

**Превиден Буџет 350.000,00 ден**

**1.5 Субвенционирање на авио превозници**

Цел на доделување на финансиска поддршка е поттикнување на туризмот и локалниот економски развој со создавање на услови на посета на странски туристи на градот по подостапни цени во воздушниот сообраќај и поедноставен пристап преку користење на воздушен сообраќај со директен трансфер до Аеродромот Св. Апостол Павле –Охрид. Исплата на средства за оваа намена предвидено е во 2015, 2016, 2017 и 2018 година и истите ќе бидат вклопени во буџетите за 2015, 2016, 2017 и 2018 година.

**Превиден Буџет 6.100.000,00 ден**

**1.6 Активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор**

Преку оваа програмска активност се предвидува организација на серија обуки на давателите на услуги во туристичко – угостителскиот сектор. Преку нив е предвидено да се изврши стручно усовршување на одредени квалификации во однос на видот и начинот на давање на услуги во туристичкиот и угостителскиот сектор (приготвување и послужување на храна, бон тон во угостителството, промоција и маркетинг на услугите и слично). Овие обуки ќе се организираат во соработка со Факултетот за Туризам и Угостителство, како и со други институции кои се специјализирани за оваа област. Се

очекува со реализацијата на овие обуки да се подигне квалитетот на сервисот и услугите во туристичко-угостителскиот сектор. Видот и типот на обуките ќе биде согласно потребите утврдени од анкетните истражувања на приватниот сектор реализирани во 2014 година.

**Превиден Буџет 60.000,00ден**

**Вкупно планиран буџет за 1: 7.110.000.00 ден.**

## 2. ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ

### 2.1 Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми.

Соработка со новинари од познати туристички печатени и електронски медиуми од различни земји, како од регионот така и од европските држави, заради запознавање со туристичките потенцијали на градот и регионот. Успешната промоција вклучува прифаќање на понудите за промовирање кои ги нудат познатите туристички печатени и електронски медиуми.

**Превиден Буџет 50.000,00 ден**

### 2.2 Соработка со странски туроопeратори.

Активноста предвидува организирана посета на Охрид на странски туроператори и странски медиуми со цел презентација на туристичките потенцијали на градот и регионот, зголемена соработка меѓу домашните туристички субјекти со странски туроопeратори, размена на искуства и склучување договори. Промотивната тура која беше реализирана во 2014 година, наметна потреба од редовно годишно организирање на ваков тип на промотивни тури, која нуди активна туристичка промоција и непосредно запознавање на странските туроператори со туристичката понуда која ја нуди градот Охрид.

**Превиден Буџет 110.000,00 ден**

### 2.3 Презентација на меѓународни туристички берзи.

Промоција на Охрид и регионот на целни туристички пазари преку туристички берзи со што ќе се остворат услови за зголемување на бројот на странските посетители и зголемување на девизниот прилив. Промоциите на туристички берзи ќе се реализираат во соработка со Националната Агенција за поддршка и промоција на туризмот, хотелските асоцијации, туристичките агенции и туроператори. Веодно, во оваа ставка се предвидени и организирани промоции на туристичкиот потенцијал во таргетирани странски држави, по теркот на реализираните промоции на Охрид во 2014 година во Советот на Европа во Стразбур, Франција, и Прага, Чешка Република. На овој начин, директно и непосредено на присутните туристички работници и стејкхолдери од таргетираните држави каде би се одржувала промоцијата, им се дава можност да се запознаат со туристичкиот потенцијал на Охрид, активност во која непосредно се вклучуваат и туристичките работници од Охрид со нивно присуство и директни B2B сердби со своите колеги од државите каде се одржува промоцијата.

**Превиден Буџет 250.000,00 ден**

### 2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи од алтернативните форми на туризам

Со реализација на оваа програмска активност, ќе се овозможи активна и непосредна презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенефит на најширок круг на семејства и граѓани на општината. Алтернативните форми на туризмот се најбрзорастечкиот сегмент во туризмот на глобално ниво. Во

склоп на реализација на оваа програмска активност, ќе се реализираат повеќе видови на манифестации, меѓу кои:

- Манифестацијата “Охридска софра 2015”
- Фестивалот “Вино и сирење”

**Превиден Буџет 350.000,00 ден**

**2.5. Организација на “ЛЕТО 2015”**

Организирање манифестација “ЛЕТО 2014” која би се одржала во месец јули и би преставувала настан со културно уметничка програма на кој би се презентирала целокупната туристичка понуда и кој на симболичен начин би го одбележал почетокот на туристичката сезона во град Охрид.

**Превиден Буџет 400.000,00 ден**

**2.6. Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда**

- Изработка на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици: каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Репринт на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици, каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Изработка на промотивен ЦД материјал.
- Изработка на промотивен материјал за промоција на алтернативни форми на туризам
- Изработка на саемски банери,
- Надополување и изработка на дополнителни веб страни за промоција на туризмот.
- Изработка на видео спотови за различни сегменти на туристичката понуда: ноќен живот, култура, активен туризам, забава, гастрономија...).

**Превиден Буџет 3.400.000,00 ден**

**2.7. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем**

- Ажурирање и одржување на веб страна www.ohrid.com.mk,
- Поставување и одржување на инфо пултови,
- Изработка и поставување на билборди и City Light – реклами со туристички мотиви од Охрид.

**Превиден Буџет 30.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 2: 4.590.000.00 ден.**

## 3. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

**3.1. Подготовка на проекти и проектно управување**

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за туризам е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за туризам.

Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

- Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,
- Превод на стручна литература,
- Консултантски услуги за специфични проектни активности,
- Воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации,

**Превиден Буџет 40.000,00 ден**

**3.2 Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти**

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области: **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, **регионални проекти**, **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект**

**Превиден Буџет 110.000,00 ден**

**3.3. Средства од аплицирани и одобрени проекти**

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во склоп на развој на туризмот, а претставуваат активности кои би се реализирале во рамки на проекти финансирани од други страни и донатори.

**Превиден Буџет 350.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 3: 500.000.00 ден.**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2015: 12.200.000,00 ден**

РЕКАПИТУЛАР:

| **Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 год** | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Активност | | |
| 1 | **Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) и управување со туризмот во подрачја заштитени од UNESCO** | | |
| | 1.1. | Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) | 0,00 |
| | 1.2. | Туристички информативни центри | 600.000,00 |
| | 1.3. | Одбележување (сигнализација на туристички места | 0,00 |
| | 1.4. | Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем | 350.000,00 |
| | 1.5. | Субвенционирање на авио превозници | 6.100.000,00 |
| | 1.6. | Активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко угостителскиот сектор | 60.000,00 |
| | | **Вкупно 1** | **7.110.000,00** |
| 2 | **Промоција на туризмот, организирање на настапи и присуство на саеми** | | |
| | 2.1. | Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми. | 50.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2.2. | Соработка со странски туроопаратори | 110.000,00 |
| | 2.3. | Презентација на меѓународни туристички берзи | 250.000,00 |
| | 2.4. | Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи | 350.000,00 |
| | 2.5. | Организација на “ЛЕТО 2015,“, | 400.000,00 |
| | 2.6. | Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда | 3.400.000,00 |
| | 2.7. | Презентација на сместувачките капацитети/развој на информатички систем. | 30.000,00 |
| | | **Вкупно 2** | **4.590.000,00** |
| **3** | **Подготовка на проекти и проектно управување** | | |
| | 3.1. | Подготовка на проекти и проектно управување | 40.000,00 |
| | 3.2. | Средства за сопствено учество во имплементација на проекти | 110.000,00 |
| | 3.3. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | 350.000,00 |
| | | **Вкупно 3** | **500.000.00 ден.** |
| | | **ВКУПНО** | **12.200.000,00 ден** |

**Број 08-11715/41-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2015, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/42** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените и дополнувањата на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/42** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

## Г1 ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015

### Вовед

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз законските обврски на јавните институции меѓутоа и врз база на **непосредното учество на бизнис заедницата** и **граѓанското општество** (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори и јавни програми и проекти кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив локален економски развој, која ќе промовира развој на бизнис и ќе го зголеми вработувањето.

Локалниот економски развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на живот за сите во заедницата.

Со стратешкото планирање на програмата за локален економски развој на општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Програмата за подршка на локалениот економски развој** се подготвува пред се врз основа на **Стратегијата за одржлив локален економски развој,** како и **Стратегијата за Рурален Развој** и се усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

**Со ребалансот на буџетот за програмата бараме измена во вкупната сума која треба да биде:**

| Одобрен буџет 2015 | Ребаланс 2015 |
|---|---|
| **8.613.500,00 МКД** | **12.961.996,00** |

Измените кои се бараат со ребалансот за буџетот (зголемување на вкупниот износ за 4.348.496,00 МКД) се однесуваат за тековната 2015 година, и тоа по својата поблиска намена поставена по програмски активности ќе изгледа на следниов начин:

| Програмска активност | Одобрен буџет | Буџет за ребаланс |
|---|---|---|
| 1.2.2. Ажурирање и печатење на брошура ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОХРИД | 120.000,00 | 0,00 |
| 1.2.6. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд | 200.000,00 | 130.000,00 |
| 1.3.1 Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива. | 90.000,00 | 30.000,00 |
| 1.5.1. Договорни обврски | 83.500,00 | 33.500,00 |
| 1.5.2 Други оперативни расходи | 90.000,00 | 38.775,00 |
| 1.7.1. Приходи по други основи од одобрени проекти: | 6.000.000,00 | 10.749.721,00 |

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата предвидува приходна ставка од:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид за 2015 год. во износ | **2.212.275,00 ден** |
| 2 | Приходи по други основи | **10.749,721.00 ден** |
| | Вкупно | **12.961.996,00 ден** |

**НАЦРТ ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

Општина Охрид преку Секторот за Локален Економски Развој и Одделението за Локален Економски Развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, ја базира Програмата за подршка на локалниот економски развој за буџетската 2015 година.

**1.1 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА**

**1.1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој – Акциони Планови 2014, и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид 2014.**

Активноста ќе се реализира преку објавување на јавен повик за финансирање на микропроекти, со право на учество на НВО-и, Месни и Урбани Заедници.

<u>Предвиден буџет 400.000,00 ден</u>

**1.1.2. Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014 година**

Земјоделството и руралниот развој се клучните претпристапни елементи на Македонија за влезот во Европската унија. Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид претставува основен стратешки развоен документ за периодот 2014-2018 година, во кој се содржани главните стратешки цели и приоритети за развој на руралните области во Општина Охрид. Со реализација на оваа програмска активност ќе се имплементираат активности кои се во согласност со стратешките определби а се предвидени за реализација во 2014 година. Оваа програмска активност ги опфаќа следниве области на делување:

- Инфраструктурно и комунално уредување на селските средини,
- Квалитетно и целосно искористување на туристичките и стопанските потенцијали на руралните области со што би се подобрил квалитетот на живеење на селските средини,
- Урбанистички уредени селски средини со просторно-планска документација и чиста животна средина,
- Развиено земјоделство и сточарство врз база автохтона и органски здрава храна,
- Подобрување на образовните и здравствени стандарди во руралните области,
- Подобрување на спортската инфраструктура и развој на традиционални културни манифестации во руралните области.

Предвиден буџет 200.000,00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.1: 600.000,00 ден**

## 1.2. ЗАСИЛУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Реализацијата на оваа програмска активност ќе се спроведе преку давање на поддршка на постоечките претпријатија во Општина Охрид во нивните напори да најдат нови пазари и да ја подобрат својата конкурентност, со што ќе се даде придонес во развојот на локалната економија, отварањето на нови работни места и намалувањето на невработеноста во Општина Охрид.
Предвидените активности се во согласност со националната развојна политика за претприемништво, Националната стратегија за развој на МСП и Стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Охрид.
Засилувањето на локалниот економски развој и зголемувањето на конкурентноста на претпријатија е планирано да се реализира преку следниве активности:

### 1.2.1. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото преку интензивна промоција на економскиот потенцијал на Општина Охрид

Реализацијата на оваа програмска активност ќе се одвива преку организирање и учество на форуми, презентации, саеми, и други промотивни настани во Македонија и странство, во заедничка соработка со бизнис заедницата од Охрид, Стопанските Комори и други институции од економскиот сектор. Исто така, со цел стимулирање и поттикнување на микро и мали компании од Општина Охрид, предвидено е нивно кластерско презентирање на домашни и на странски саемски манифестации во партнерство со Општина Охрид.

Предвиден буџет 100.000,00 ден

**1.2.2. Ажурирање и печатење на брошура ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОХРИД**

Брошурата ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОХРИД е предвидено да се ажурира најмалку еднаш годишно, со што сите нови податоци за локациите и инвестициските проекти би биле вметнати во новите печатени и електорнски изданија на брошурата.

Предвиден буџет 0 ден

**1.2.3. Меѓународни партнерства**

Воспоставување и одржување на партнерски односи со Европски градови и институции, со цел партнерски настап на саеми, форуми, како и подготовка и заедничко учество во аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови. За реализација на овие активности е неопходно да се организираат работни посети како на претставници на Општината Охрид во други општини така и на нивните претставници кај нас.

Предвиден буџет 220.000,00 ден

**1.2.4. Денови на дијаспората**

Преку оваа активност ќе се спроведува осмислена програма за анимирање и сеопфатно информирање на сонародниците што се иселени во странство. Оваа програма ќе опфаќа културни дружења, а особен акцент ќе биде даден на деловни средби и состаноци.

Предвиден буџет 0 ден

**1.2.5. Одржување на редовни состаноци на Општински економски совет – „Совет на градски татковци“**

Со конституирањето на советот, чија цел е да претставува место на кое се води континуиран дијалог меѓу општинската власт и бизнисмените од општина Охрид се овозможува навремено препознавање на проблеми, создавање иницијативи и подобрување на вкупната економска клима и трговска понуда на градот. Состаноците на Советот е предвидено да се одржуваат најмалку еднаш месечно.

Предвиден буџет 0 ден

**1.2.6. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд**

Со оваа активност се предвидени реализација на серија на стручни обуки за невработени лица, како и обуки за преквалификација и доквалификација во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување.

Предвиден буџет 130.000,00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.2: 450.000.00 ден.**

## 1.3. РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ ВО ФУНКЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Искористувањето на природните ресурси во функција на локалниот економски развој, согласно Стратегијата за одржлив развој на Општина Охрид, треба да се темели на рационалната употреба на расположливите ресурси преку следниве активности:

### 1.3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива.

Активноста предвидува продолжување на процесот за идентификација на локални производи и услуги и нивно брендирање во функија на севкупниот економски и туристички развој и препознатливос на општината и градот Охрид.

Предвиден буџет 30.000,00 ден

### 1.3.2. Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој.

Едукативните семинари ќе ги опфатат сите три Мерки од ИПАРД програмата и тоа:

- **Мерка 101** - Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија,
- **Мерка 103** - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи,
- **Мерка 302** - Диверзификација и развој на руралните економски активности и развој на руралниот туризам.

Семинарските и едукативни работилници за подигање на капацитетите на потенцијалните корисници ќе се организираат преку предавања на експертите од одделението за локален економски развој, преку печатени и дигитализирани едукативни материјали и конкретни разработки на Условите за аплицирање и подготовка на Проектни примери.

Предвиден буџет 0 ден

### 1.3.3. Советувања и обука на производителите за производство на органска храна и поддршка за нејзин пласман преку угостителските објекти

Преку оваа програмска активност е предвидено одржување на обуки и советувања на производителите на органска храна. Ваквите обуки и советување ќе значат подигнување на капацитетите на производителите со цел дополнително зголемување на производството на органска храна, како и олеснување и обезбедување на нејзиниот пласман.

Предвиден буџет 0 ден

### 1.3.4. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците

Со оваа активност се продолжуваат давањето на неопходни информации за земјоделците, кои ќе им овозможат зголемување на продуктивноста, намалување на трошоците за производство, конкурирање и искористување на

домашните и на странските можности за финансирање во рамките на земјоделството, како и навремено препознавање и соочување со потенцијалните ризици и предизвици за производство и за пласман на производи од сферата на земјоделството. Воедно, преку работењето на оваа канцеларија се овозможува издавање на потврди за користење на средствата од ИПАРД програмата.

Предвиден буџет 0 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.3. 30.000.00 ден.**

**1.4. СРЕДСТВА ЗА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ВО ИМПЛЕМЕТАЦИЈА НА ПРОЕКТИ**

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел од апликацијата за соодветниот проект.
Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области:

1.4.1. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и Зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект,**како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции. Исто така во оваа програмска активност предвидено е сопствено учество во проекти за стратешко планирање на регионална соработка во пограничниот регион на Преспа-Охрид_Корча, како и подготовка и имплементација на програми и проекти за реагионална соработка и поттикнување на економската соработка со акцент на руралните средини во пограничната област.

Предвиден буџет 800.000,00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.4. 800.000,00 ден.**

**1.5. ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ И ДОГОВОРНИ УСЛУГИ**

За реализација на активностите на Програмата за подршка на локалниот економски развој за 2014 год., потребни се одредени средства кои се наопходни за реализација на истите. Овде пред се се мисли на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари без кои не би можеле да се реализираат предвидените содржини во 2014 год.

1.5.2. Договорни обврски

Предвиден буџет 33.500.00 ден

1.5.3 Други оперативни расходи

Предвиден буџет 38.775.00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.5. 72.275 .00 ден.**

## 1.6. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ПОДИГАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СЕКТОРОТ ЗА ТУРИЗАМ И ЛЕР.

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во Секторот за туризам и Лер е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во Секторот за туризам и Лер.
Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

1.6.1. Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,

Предвиден буџет 60.000.00 ден

1.6.2 Консултантски услуги за специфични проектни активности,

Предвиден буџет 200.000.00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.6: 260.000.00 ден.**

## 1.7.ПРИХОДИ ПО ДРУГИ ОСНОВИ

**Приходи по други основи кои пристигнуваат по основ на добиени проекти од странски и домашни програми кои имаат јавни повици за одобрување на грантови за развојни проекти.**

1.7.1. Приходи по други основи од одобрени проекти:
- Проектот “WATERNET” добиен од прагрaмата на ИПА од компонентата за прекугранична соработка,
- Проектот за “Изработка на план за интегрирана заштита на старо градско јадро на Охрид” добиен од Програмата за децентрализирана соработка помеѓу Република Македонија и Долна Нормандија,
- Проект за обновување на детстко игралиште – донација од Германска Амбасада,
- Проект за отварање на дисперзирана детска градинка во Пештани – донација од Бугарски Конзулат во РМ.

Предвиден буџет 10.749.721.00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.7: 10.749.721.00 ден.**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2015: 12.961.996,00 ден**

## РЕКАПИТУЛАР

НАЦРТ ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА

| Бр | Активност | Опис | Износ - Планирано |
|---|---|---|---|
| 1.1. | **Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата** | 1.1.1Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој – Акциони Планови 2014, и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид 2014. | 400.000 |
| | | 1.1.2Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014 година | 200.000 |
| | **Вкупно 1.1.** | | **600.000** |
| 1.2. | **Засилување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија** | 1.2.1.Поттикнување на партнерстав и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото преку интезивна промоција на економскиот потенцијал на Општина Охрид | 100.000 |
| | | 1.2.2. Ажурирање и печатење на брошура **ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОХРИД** | 0 |
| | | 1.2.3. Меѓународни партнерства | 220.000 |
| | | 1.2.4. Денови на дијаспората | 0 |
| | | 1.2.5. Одржување на редовни состаноци на Општински економски совет - „Совет на градски татковци“ | 0 |
| | | 1.2.6 .Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд | 130.000 |
| | **Вкупно 1.2** | | **450.000.00** |
| 1.3. | **Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој** | 1.3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива. | 30.000 |
| | | 1.3.2.Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој. | 0 |
| | | 1.3.3. Советувања и обука на производителите за производство на органска храна и поддршка за нејзин пласман преку угостителските објекти | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 1.3.4. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците | 0 |
| | **Вкупно 1.3.** | | **30.000** |
| **1.4** | **Средства за сопствено учество во имплементација на проекти** | 1.4.1 Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и Зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект,**како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции. Исто така во оваа програмска активност предвидено е сопствено учество во проекти за стратешко планирање на регионална соработка во пограничниот регион на Преспа-Охрид-Корча, како и подготовка и имплементација на програми и проекти за реагионална соработка и поттикнување на економската соработка со акцент на руралните средини во пограничната област. | 800.000 |
| | **Вкупно 1.4.** | | **800.000** |
| **1.5.** | **Оперативни расходи и договорни услуги** | 1.5.1. Договорни услуги | 33.500 |
| | | 1.5.2. Други оперативни расходи | 38.775 |
| | **Вкупно 1.5.** | | **72.275** |
| **1.6.** | **Стручно усовршување и подигање на капацитетите на вработените во Секторот за туризам и ЛЕР** | 1.6.1. Учество на стручни обуки, трениnзи, семинари, работилници, конференции, | 60.000 |
| | | 1.6.2. Консултантски услуги за специфични проектни активности, | 200.000 |
| | **Вкупно 1.6.** | | **260.000,00** |
| 1.7. | **Приходи по други основи кои пристигнуваат како по основ на добиени проекти од странски и домашни програми кои имаат јавни повици за одобрување на грантови за развојни проекти.** | 1.7.1. Приходи по други основи од одобрени проекти:<br>- Проектот “WATERNET” добиен од праграмата на ИПА од компонентата за прекугранична соработка,<br>- Проектот за “Изработка на план за интегрирана заштита на старо градско јадро на Охрид” добиен од Програмата за децентрализирана соработка помеѓу Република Македонија и Долна Нормандија,<br>- Проект за обновување на детстко игралиште – донација од Германска Амбасада,<br>- Проект за отварање на дисперзирана детска градинка во Пештани – донација од Бугарски Конзулат во РМ. | 10.749.721 |
| | **Вкупно 1.7.** | | **10.749.721.00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2015** | **12.961.996,00 ден** |

**Број 08-11715/42-1**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на програмата за спорт за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/43**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените и дополнувањата на Програмата за спорт за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/43**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗМЕНА НА ПРОГРАМА 2015 ЛО СПОРТ**

Предвидениот износ во Програмата за спорт 2015 година во висина од 12.500.000,00 денари се надополнува со 6.733.000,00 денари и се заменува со износ од 19.233.000,00 денари.
Измените се однесуваат на Конто 48 – капитални расходи, 482920 – изградба на други објекти и 432930 – реконструкција на други објекти.
Новопредвидените средства се однесуваат за:

**Вкупно: 6.733.000**

| **48 Капитални расходи** | | | |
|---|---|---|---|
| **482920**<br>Изградба на други објекти | PVC – покрив за игралиште<br><br>Изработка на гумена подлога на игралиште со кошеви во УЗ„Стар Град“,ОУ „Св.Климент Охридски“<br><br>Изградба на игралиште во УЗ2 „Долна Влашка Маала“<br><br>Исплата на обврски за изградба на спортски објекти од минати години ( реконструкција на базен, санација на пумпи и филтри и санација на спортски и детски игралишта ) | Одвивање на спортски настани во текот н целата година<br><br>Развој и промоција на маалски спортови<br><br>Безбедни детски игри | 3.700.000<br><br>512.000<br><br>50.000<br><br>1.091.000 |
| **482930**<br>Реконструкција на други објекти | Реконструкција на игралишта : „Пожарна“, на ул.„Карпош Војвода“, нас.„Христо Узунов“, Бул.„Туристичка“ УЗ Воска и „Стобекс“ | Безбедни услови за спорт и рекреација | 1.380.000 |

**Број 08-11715/43-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2015 - 2017 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за образование 2015 - 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/44**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2015 - 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените и дополнувањата на Развојната Програма за образование 2015 - 2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/44**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

## ИЗМЕНИ и ДОПОЛНУВАЊА ВО ПРОГРАМИТЕ ОД СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ,ДЕТСКА, ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА за 2015 год.

*Измени и дополнувања во Програмата за образование бр. 07 - 4189/7 од 30.12.2014 год.*

## *А)Програма Н2,средно образование*

**1.Предвидените средства во Програмата Н2 , сметка 603 (општински средства) се зголемуваат за вкупен износ од 1.963.500,00 ден.**

**Извршени се измени на следните ставки**:

-Се зголемуваат средствата за капитални расходи за 2.000.000,00 ден.
(за подмирување дел од достасаните обврски за изведени градежни работи);
-Се зголемуваат средствата за договорни услуги за 31.500,00 ден.
( за подмирување обврски кон лицата кои биле ангажирани во изминатите години со договор на дело) ;
-Се намалуваат средствата за материјали и ситен инвентар за 89.000 ден.

**2. Во Програмата за средно образование - Н2 ,сметка 787 (сопствени**

**средства) предвидените средства се намалуваат за вкупен износ од 491.000,00 ден.**

***Образложение:*** И оваа година, како и претходната , за време на летниот распуст, од страна на ЗЕЛС, не беше навремено ставен во функција софтверот за електронско издавање под закуп на недвижни ствари, со што предвидениот износ на приходи од издавање под закуп на Ученичкиот дом при ОУТУ „Ванчо Питошески“ Охрид не се реализира

**3 .Во Програмата за средно образование - Н2 , сметка 903 ( блок дотации) *предвидените средства се зголемуваат за вкупен износ од 300.000,00 ден.***

***Образложение:*** Со ребалансот на Буџетот на РМ висината на блок дотацијата за средното образование во општина Охрид зголемена е за 300.000,00 ден . со што се зголемува и вкупниот износ на блок дотацијата за 2015 год.

Внатрешните измени на ставките се должат на новите измени во Законот за средно образование ,според кои во текот на 2015 год. нема да се врши исплата на наградите на наставниците (според постигнатите резултати на екстерното тестирање), со што средствата за таа намена ,кои беа влезени во планираните средства за плати и надоместоци, останаа непотрошени и истите се пренаменија за покривање на други тековни обврски.

**4. Во Програмата за средно образование - Н2 ,отворена е нова сметка 785 (средства од донации).**

***Образложение:*** ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“ Охрид аплицираше и обезбеди средства во висина од **4.713.000,00 ден**. по проектот „Мобилност на ученици и наставен кадар во стручно образование и обука“ на Еразмус +, новата програма која ги обединува ЕУ програмите за образование, обука, млади и спорт во периодот 2014-2020 година.

## *Б) Програма Н1,основно образование*

**1. Во Програмата за основно образование - Н1 ,сметка 603 (општински средства) предвидените средства се зголемуваат за вкупен износ од 6.413.000,00 ден.**

**Извршени се измени на следните ставки**:

-се зголемуваат средствата за течни горива за 5.000.000,00 ден.
-се зголемуваат средствата за проектни активности за 400.000,00 ден.
-се зголемуваат средствата за привремени вработувања за 530.000,00 ден.
-се зголемуваат средствата за ДДД за 100.000,00 ден
-се зголемуваат средствата за поправки и одржување на мебел за 50.000,00
-се зголемуваат средствата за превозни услуги за 500.000,00 ден
-се зголемуваат средствата за развој на наставен план и програма за 51.000,

-се намалуваат средствата за материјали и ситен инвентар за 163.000 ден.
-се намалуваат средствата за објавување огласи за 80.000 ден.

***Образложение:*** Поради недостиг на средства од блок дотацијата за основните училишта, општина Охрид го надополнува недостигот на средства за покривање на дел од доспеаните обврски ,во најголем дел за нафта за греење и превоз на ученици **.**
Потребата од зголемување на износот на средства на ставката 427–за привремени вработувања преку агенција, е поради носењето на новиот Закон за трансформација во редовен работен однос, според кој вработените кои исполнуваат услови за трансформирање на работниот однос мораат непрекинато да останат ангажирани, до добивањето решение во втор или трет рок.

**2. Во Програмата за основно образование - Н1 ,сметка 787 (сопствени средства) предвидените средства се намалуваат за вкупен износ од 274.000,00 ден.**

***Образложение:*** Поради бликираната сметка на ОУ„Григор Прличев “Охрид предвидените средства од издавање под закуп на недвижнини кои се во сопственост на ова училиште остануваат нереализирани. За тој износ се намалува висината на сметката 787 Програм Н1.

**Број 08-11715/44-1**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА 2015 - 2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за детска заштита 2015 - 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година.

**Број 09-11715/45**
**26.08.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА 2015 - 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените и дополнувањата на Развојната Програма за детска заштита 2015 - 2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11715/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

